СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ев.број __19_

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Деветтата седница на Собранието на СРМ
одржана на 7 март 1991 година

Скопје, март 1991 година

ДНЕВЕН РЕД НА СТР.29

ДИСКУТАНТИ НА 9-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛПКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 7.111.1991 г.

1. АБДИ ФАИК -96
2. АНАСТАСОВСКИ ТОМЕ -129
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО -17
4. АНДОВ СТОЈАН -35
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД -66
6. АЛИЈУ ЕШРЕФ -93
7. АРСОВСКИ БРАНКО -39(резулт. од избор на делегација на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собран,на СФРЈ)
8. АЛИУ ХАМИД -150
9. БЕЛИЧАНЕЦ ТИТО-12,15,41,100,115,136,141,147,150,151,154,161,162,166
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР -157,160,8,15,97
11. ГОШЕВ ТУШЕ -155
12. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР -62
13. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО -14,16
14. ГОГОВСКИ ГЛИГОРИЕ -13,19
15. ГЛИГОРОВ КИРО -32
16. ДАМЈАНОВСКИ РИСТ0-52(одбрана на СРМ),164
17. ДИМОВСКА ДОСТА -20 (предлог на закон за насочено образование)
18. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР -22
19. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН-166
20. ЗИБЕРИ НАСЕР -26
21. ИВАНОВ ИВАН -144
22. ИВАНОВ -20
23. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО -22,169
24. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА -24
25. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН -100,151
26. КРСТЕВСКИ ЗОРАН-9.11,18
27. КРСТЕВСКИ НИКОЛА-27,36,124,126,129,131,153
28. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ -107,113,115
29- ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА -16,149(Фонд за станови- Скопје)
30.МУРТЕЗАНИ АЛИ -23
31.МАНЕВСКИ МИХАЈЛО-84
32. МИРОНСКИ МИРКО-158
33. ПЕТРОВ ТОДОР-5,146
34. ПОПОВСКИ -19
35- ПАНОВСКИ МИХАИЛ-123,126,128,161,165
36. ПАУНОВ ТОДОСИЈА -95
37. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ -156
38. САДИКУ ФЕРИД -139359.СТОЈКОВ СТОИЛЕ -7,8,12,58 128
40. СТОПАНОВСКИ Т0МИСЛАВ – 16, 167, 168
41.СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 66, 167, 168
42. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА -84
43. СТАНКОВСКИ РИСТО -105, 152
44. СТАНОЕВСКИ ЦВЕТАН-112,114,123

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Деветтата седница на Собранието на СРМ
## одржана на 7 март 1991 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на СРМ со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници.

Ја отворам Деветтата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Пратеникот Никола Апостолски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница, поканети се претставници на: ИС на Собранието на СРМ; РС за правосудство и управа, РСВР, РС за финансии, РК за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина, РК за образование, култура и физичка култура, Стопанска комора на Македонија и Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Предлагам пратеничките прашања да бидат на крајот на седницата.

Дали се согласувате?(Се согласуваат).

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на делегација на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ,

2. Предлог на заклучок за состојбите и проблемите во репродукцијата во СРМ на почетокот од 1991 година,

3. Предлог за донесување закон за системот на финансирање на општите општествени и заедничките потреби,

4. Предлог за донесување закон за
изменување и дополнување на Законот за експропријација,

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните,

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните,

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патишта, со Предлог на закон,

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежната инспекција, со Предлог на закон,

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување
на Законот за станбени односи, со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните судови, со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, со Предлог на закон

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите за прекршоци, со Предлог на закон,

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за физичка култура, со Предлог на закон,

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за просветната инспекција, со Предлог на закон,
18.Предлог на закон за данокот од добивката на претпријатието,

19. Избор на претседатели и членови на Комисијата за меѓунационални односи и на Комисијата за образование, наука и култура на Собранието на СРМ,

20. Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно трговскиот промет (АС број 1323),

21. Предлог на автентично толкување на одредбите на членовите 42, 43 и 52 од Законот *за* девизното работење што важеа до 31 декември 1989 година ("Службен лист на СФНЈ" бр. 66/85, 71/86, 3/88 и 59/38) (АС број 1324)

22.Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (Седми железнички проект - ЈУ-3068-1) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС број 1329),

23. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (Седми железнички проект-ЈУ-3068-2) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС број 1330),

24. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (Седми железнички проект-ЈУ-3068т3) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС број 1331),

25. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на Трипартитната спогодба склучена помеѓу СФРЈ, Арапската Република Египет и Република Индија, потпишана на 23 декември 1967 година (АС број 1332),

26. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (Седми железнички проект - ЈУ -3068-0) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС број 1333),

27. Дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Собранието на СФРЈ на Нацрт-законот за продолжување на важењето на дел од Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и на одредбите на Законот со кои се утврдуваат средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (Кон АС број 1291/1). -

Во денешниот дневен ред не го предложив Извештајот за некои појавни состојби во меѓунационалните односи во одделни општини и нивното влијание на вкупната "безбедносна состојба Републиката, заради тоа што, со оглед на Врз на материјалот се смета дека треба тоа да содржината и актуелноста се стави на дневен ред на наредната седница, за да може Собранието поопстојно да го

разгледа и да може да се предложат усогласени ставови од сите работни тела на Собранието. Всушност, треба да се разгледува на седница која ќе биде порастоварена од други прашања, а не со вака обемен дневен ред, што ќе даде можност поопстојно да се задржиме на овој материјал.

Исто така, по дневниот ред не ги предложив предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за насоченото образование и предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, со Предлог на закон, заради тоа што таков предлог има пратеничката група на парти^ата за демократски просперитет и пратеничката комисија од областа на образованието , наука и културата.

Овие предлози на закони ќе се разгледуваат на наредната седница на Собранието.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор господин Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тргнувајќи од нивото на расположението на почетокот на седницата , според предложениот дневен ред не очекува долга и мачна расправа, ја користам можноста и говорницата од мое лично име , а верувам и од името на сите пратеници да им го честитаме на нашите пет единствени пратенички утрешниот празник на жената "8 март" како и на сите девојки и жени во Македонија.

(Аплауз)

Се надевам дека ја изразувам и волјата на сите пратеници спроти утрешниот празник на жената кој сигурно ќе го поминеме и работно и свечено, како Парламент да им порачаме и дадеме јавно ветување на сите мајки во Македонија дека овој Парламент додека му трае мандатот со своето делување и мерките и активностите што ќе ги презема ќе направи се на нивните и нашите деца да им се обезбеди мирно , слободно и безгрижно детство и сигурна и среќна иднина во суверената Македонска држава.

На крајот мислам дека претседателот на Собранието со нетрпение ја очекува првата пауза на пратеничките во знак на внимание да им подари свежо цвеќе, а дотогаш ако цвеќето не е обезбедено секретарот на Собранието преку службите да го обезбеди на сметка на оваа куќа.

Имавме укажување на претходната седница кога ги одложивме сите текстови на закони, што се понудија , од Извршниот совет дека е неопходно нивното донесување. Ме интересира дали одлагањето на овие два предлог на закони битно ќе влијае нормалното одвивање
на дејностите и преземањето на надлежностите од општините во делокругот на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со прашањето што го постави господинот Тодор Петров должен сум да го дадам следното објаснување.

Ние го консултиравме Извршниот совет во врска со тоа и бевме известени дека Извршниот совет настојува и укажува дека законите, и овие закони треба да се донесат во рокот утврден со уставните амандмани до 31 март. Договорено е во тој рок секако да се донесат законите.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Дами и господо, барам во дневниот ред предложената точка во дневниот информатор од 7 март 1991 година, точка 2, Извештај за некои појави и состојби во меѓунационалните односи во одделни општини и нивното влијание на вкупната безбедносна состојба врз Републиката да се стави на дневен ред.

Ова го образложувам повеќе со тоа што~пред два дена водачите на парламентарните групи во Собранието, каде јас присуствував во својство на заменик на госпоѓата Ратка Димитрова, донесовме одлука со гласање оваа точка да биде на дневен ред. Еден глас беше против, тоа беше гласот на водачот на парламентарната група на ПДП НДП . Мислам за одење на оваа точка на дневниот ред се изјасни и потпретседателот на Извршниот совет на Собранието на СРМ господинот Тито Беличанец.

Барам точката да се стави на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е консултативен разговор на координаторите меѓу себе, инаку дневниот ред го предлага претседателот во договор со потпретседателите. Секој пратеник може да предложи измена. Јас го сваќам господинот Стојков дека во свое име си предлага измена на дневниот ред.

Инаку, работните тела овде доставуваат предлози и врз основа на нивните предлози ние го утврдуваме и предлагаме дневниот ред.

Овде станува збор за тоа да овој материјал треба да се гледа, меѓутоа, бидејќи има други итни точки кои ќе одземат време и внимание, па овој материјал не може исцрпно да се разгледа, сметаме дека е потребно со многу големо внимание тој материјал да

се разгледа, тоа е многу осетлив материјал и треба да изградиме ставови на основа , кога не сме заморени и кога немаме други задачи па да се посветиме на таа материја.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Уште еднаш се јавувам во врска со ставањето на оваа точка на дневен ред.

Барам по нејзе по моето излагање да се гласа дали се прифаќа или не.

Ова го образложувам дотолку што актуелноста на оваа точка на ставање на дневен ред не чека одлагање. Знаеме каква е состојбата во Западниот дел на нашата мила држава Македонија. Ќе ве молам јавноста околу ова беше информирана дека точката на дневен ред ќе биде денеска. Да не преаудуцираме некој работи и да не ја ставаме јавноста во заблуда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира никој не настојува јавноста да ја стави во заблуда. Вашиот предлог не можам веднаш да го ставам на гласање, ако некој бара збор во врска со тоа јас морам да отворам расправа. Ние мораме да работиме деловнички. Инаку императиви надвор од Деловникот не постојат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Наместо самиот да предлагам, сакам да се придружам кон овој предлог. Мислам дека денес цела Македонија ја очекуваше оваа седница заради таа точка. Проблематиката не трпи одлагање и сето тоа би личено на некој компромис, некаде во некоја канцеларија, со намера дека така ќе биде подобро, а јас ве уверувам дека денес треба да разговараме за тој проблем отворено, пред јавноста пред средствата  за информирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно, сега или било кога , или идниот пат ние за тоа јавно ќе расправаме. Молам, дали некој друг бара збор?(Не бара).

Ако никој не бара збор, предлогот на господин Стоиле Стојков, го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака?(40 пратеници)

За предлогот гласаа 40 пратеници.

Кој е против предлогот молам? (57 пратеници)

Колку се воздржани?(16 пратеници).

Според тоа, не е усвоен предлогот на господинот Стоиле Стојков.

Има збор господинот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници иако во предлогот за дневен ред има доста точки, сепак се одлучив да предложам уште една. Затоа имам два мотива. Едниот е континуитет на изјаснување што овој Парламент го има по сите прашања и по кои отворено расправа, а вториот е информацијата под наслов "Информација за некои актуелни аспекти на неодамнешната изјава на Министерството з а надворешни работи на Бугарија, која ја подготви ИС на Собранието на СРМ и ја достави пред самата седница.

Неодамна бевме информирани за оваа изјава преку јавните гласила, изјава со која Министерството за надворешни работи на Бугарија уште еднаш ги потврдува познатите ставови во однос на Македонија и нејзината политика.

Тоа е дотолку важно што таа доаѓа и како реакција на реакцијата што овој Парламент ја направи по повод средбите на

Попов и Мицутакис  и на сето она што во билатералните односи меѓу Бугарија и Грција па и Србија се случуваат околу Македонија. Таа реакција доаѓа и некако кореспондира и со одредени политички ставови на дел од политичките партии во Македонија. Го ценам напорот што ИС го направил , што остварил расправа и што ни подготвил информација, меѓутоа, мислам дека парламентот е во можност и би требало оваа информација да ја стави на дневен ред како приоритетна и да се изјасни по неа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор Бранко Црвенковски

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Комисијата за надворешно- политички работи и односи со странство при Парламентот на денешната седница ја разгледа Информацијата на ИС во врска со ова прашање. При тоа го уважи мислењето на надлежниот секретари^ат за односи со странство и за- зема став оваа точка да не биде предложена на дневен ред од причини што тоа е изјава на министерството за надворешни работи презентирана од претставникот на печат на ова Министерство под парола од Чакаров. Од тие причини сметаме дека треба да се одговори на соодветно ниво односно тоа треба да го направи надлежниот Секретаријат за односи со странство и ИС, како што беше направено дури презентирано и во средствата за јавно информирање.

Сметаме дека не треба да се руши угледот и авторитетот на највисокото законодавно тело на Македонија тоа е Македонскиот Парламент, со тоа што ќе реагира ...

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

..... за тоа што ќе реагира и одговара на секакви изјави или иницијативи што ќе ги дава дури и еден Портпарол на министерствата за надворешни работи на Бугарија. Не заради тоа што оваа проблематика односно иницијативата не заслужува внимание ако се земе како контекст на една целокупна политика на Бугарија која што ја пропагира в однос на Македонија, меѓутоа од едноставни причини што Комисијата го заседе тој став што се смета дека не треба да се издига на тоа ниво нашата реакција. Притоа, Комисијата заклучи надлежниот секретаријат понатаму да ги следи сите овие работи и се побара од сојузното министерство за надворешни работи соодветно да реагира на оваа изјава од министерството за надворешни работи на Бугарија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали уште некој бара збор по ова прашање?

Дали Крстевски има дообјаснување или да го ставам неговиот предлог на гласање.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Го уважувам делот, објаснувањето што го даде претседателот на нашата комисија, меѓутоа јас не го гледам изјаснувањето како изјаснување само на министерството бидејќи за тоа се крие званичната политика на Бугарија и нормално дека на тоа претходела расправа на Бугарскиот парламент што на одреден начин ја одобрува ваквата изјава. Според тоа, не го гледам за причина нивото на обраќањето, туку суштината ја гледам во зајакнување на нашиот веќе изразен став во Декларацијата за сувереност и нашиот однос према политиката која соседните земји упорно ја водат и во овие процеси на демократизација на овие простори. Мислам дека не беше на одмет

Информацијата единствено не знам степенот на доверливоста зошто е вака, ако Извршниот совет може да направи напор да
го симне ова доверливо и да го даде материјалот, нема ништо посебно да се дополнува. Јачината на овој Парламент и големината на овој Парламент е да се издигне над оваа кореспонденција што
би значела одговор што викаме ние на соодветно ниво.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Според тоа, ставот на Крстевски е во тоа соопштение
е изнесена содржината на Декларацијата што ја донел
Бугарскиот парламент и треба да реагира Македонскиот парламент. Тоа што Бугарскиот парламент донесува тајни декларации и не ги објавува текстовите е нивна работа, а ние треба да расправаме јавно
Во соопштението стои дека е тоа декларација на Бугарскиот парламент? Така ли? Изјава на Бугарскиот парламент.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Што се однесува до образложението на господин Црвенковски
наполно го подржувам и овој наш Македонски парламент не може да расправа по некој документ што не сме го добиле по званична
линија, туку ние што го добивме минатиот пат тоа беше по некоја известителна линија, затоа го поддржувам предлогот за овој документ
да не се води расправа.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Извршниот совет подготвува еден опсежен материјал за
меѓународната положба на Македонија и посебно со осврт на односите со соседите. Меѓутоа во случајот се работи за еден сублимиран
документ на Министерството за надворешни работи на Бугарија,во
кој како што изнесовме во нашата информација вчерашната
изјава на Извршниот совет од седницата на која расправаше,

се според нас и понатаму ескалира бугарската политика во поглед на претензиите кон Македонија и негирањето на самобитноста на македонскиот народ и националниот карактер на македонската држава. Оттука сметаме дека треба како Извршен совет да подготвиме информација и да ги изнесеме оценките кои ги има Републичкиот секретаријат за односи со странство, а од вчера и Извршниот совет по повод оваа изјава. Се разбира нашиот материјал и нашите оценки се засновани на едно долгогодишно следење на односите на Народна Република Бугарија кон Југославија односно кон Македонија. Според тоа, ако оваа информација нема за овие ставови поинакви гледања во овој Парламент вообичаено е таа да биде примена како документ, како информирање, како сознание, како став, а пошироко за односите со Народна Република Бугарија може да се расправа и на наредната седница по повод тој опсежен материјал. Меѓутоа, ако има поинакви гледања, а нас не загрижуваат поинакви гледања во Републиката кои на различен начин се искажуваат, тогаш ние не би имале против како Извршен совет денеска да се поведе расправа и низ аргументи да ги соочиме различните гледања па и отворено пред македонскиот народ некои прашања да ги разгледаме и по нив да заземеме став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е вашиот став.?

Дали вие предлагате на идната седница ова да се разгледува во склоп на еден друг материјал или го прифаќате предлогот на Крстевски сега да се расправа.

**ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ:**

Нас ни беше презентиран материјал од Републичкиот секретаријат за односи со странство дека е тоа изјава од министерството за надворешни работи на Република Бугарија. Сега го добивме

оригиналниот документ на бугарски јазик во кој стои декларација на министерството за надворешни работи. Дали таа декларација е декларација која што е усвоена од владата или Собранието на Република Бугарија, тоа мене не ми е познато. Според тоа, на седница на Извршниот совет, така како што беше презентирано од Републичкиот секретаријат за односи со странство расправавме по изјава на Портпаролот на министерството за надворешни работи на Република Бугарија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашиот основен став е дека овој Парламент треба да расправа дали сега или идниот пат, тоа е само дилемата.  Така ли?
(да)

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа,

Не би сакал да навлегувам многу во тоа дали денеска ќе се дискутира или друг пат, меѓутоа нешто сакам да кажам само за формата на овој текст што сте го добиле,а јас го добив овде пред малку. Прво, очигледно дека постои една дезинформација тука пишува изјава на Министерството за надворешни работи, јас колку што можев да го видам оригиналниот текст не е изјава туку декларација. Значи повторно нашата амбасада во Софија не излажала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега расправаме за документот да го ставиме на дневен ред

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Не, само за едниот пат дополна. Ако биде за иден пат да се поправат грешките

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не за иден пат можете да го соопштите поинаку

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Не,само тоа сакав да го кажам. Не гледам причина зошто се вадени само по една реченица од еден интегрален текст. Зошто на господата пратеници не им е презентиран целиот текст? Јас не гледам никаква причина зошто некој би го прераскажувал текстот на пратениците.  За идниот пат ако биде значи може да го добиете оригиналниот текст. Не гледам проблем зошто тоа би можело да се направи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, очигледно овој текст е спорен и вака,еве не е даден интегралниот текст. Да го ставиме на расправа да се расправа па ќе видиме што текст е.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Документот не е спорен не постои никаква дезинформација оригиналниот наслов е"Декларација на министерството за надворешни работи на Република Бугарија", ние имаме добиено превод од амбасадата, телефакс како што работиме, а и сами го преведовме актот и ние го класификуваме кога е акт на министерството за надворешни работи како изјава се работи за лексички проблем, а не се работи за карактерот и нивото на изјавата.  Инаку изјавата не е проблем ние ја имаме преведено и на македонски јазик, и можеме веднаш да ја преведеме. Тука нема никакви дезинформации од страна на нашата југословенска амбасада, не се работи за дезинформација, ниту се работи за некој смислен обид да се прикрие текстот на изјавата, затоа што тој беше достапен и парафразиран и објавувам во нашите дневни гласила.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи чувме дека оригиналот е на бугарски јазик што е разбирливо, ме интересира, дали Љупчо Георгиевски кога рече сака оригиналниот текст да ни биде поделен, дали треба на бугарски јазик да го добиеме во Парламентот.
( смеа во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да разговараме за дневниот ред.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Јас мислам ние со господинот Владимир Голубовски и понатаму ќе си правиме вицеви пред овој македонски Парламент.

Не, господине Голубовски станува збор само за оригинален текст на македонски јазик, а вие ако сте задоволни некој да ви го прераскажува тој текст можете да го примите тоа. Јас мислам дека пратениците можат да го добијат оригиналниот текст на македонски јазик.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се говори за усвојување на дневниот ред. Јас ќе замерам на било кој на каква и да е функција каква функција да има, дали е пратеник или било што, ако отстапува од оваа работа. Треба да расправаме овој текст дали е декларација дали е јавно или друго признание од Република Бугарија или не, овој Парламент мора да расправа, меѓутоа денеска дојдено сметам да му дадеме уште една можност на Извршниот совет да направи поопсежна работа да ги даде сите согледувања, да видиме дали имаме точен текст или не дали е на бугарски или е на македонски, ќе имаме добар превод, а и да е на бугарски не ќе биде на одмет и тоа да го читаме (реакција во салата) дозволете, дозволете што е, сакам да кажам само едно денеска да се изјасниме по овој предлог дали ќе расправаме денеска или на наредната седница. Јас сум за предлогот на Црвенковски да се расправа на наредната седница.

**АНАСТАСОВСКИ МИТКО :**

Драг пријатели, гледам дека од една мала, тоа е голема работа, но од помала на поголема, поголема и таман ќе го оставиме дневниот ред. Рековме, Извршниот совет е должен текстот на таа декларација да ни го достави на македонски јазик. Ве молам прекинете ги тие работи.

**ИВАНОВ ИВАН** :

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас се залагам да не расправаме денеска по оваа точка, а од аспектот на важноста нејзина и тежината предлагам да расправаме на една од наредните седници во склопот на овие документи што ги подготвува Републичкиот извршен совет, а меѓувремено да заклучиме да се побара од страна на надлежниот републички орган една поширока информација од Сојузниот секретаријат за надворешни работи и нивното мислење врзано за ова прашање.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Крајно огорчена од исходот по повод втората точка која што требаше да биде главна цел од расправањето на денешната седница, главен дел од македонското население очекуваше дискусија по оваа точка, а се дава возможност да се манипулира со оваа точка со предлог на дневен ред, а со уфрлување на точката од дневен ред. Јас се прашувам дали главната цел за ова е да се зададе вниманието како тоа покасно би се искористило во некое друго гласило. Јас ви се молам, цврсто стојам на тоа точката бр. 2 беше многу побитна за расправање, отколку точките што се предлагаат за уврстувагве во дневниот ред

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Повторно ќе покажам разбирање и ќе бидам на едно ниво, а меѓутоа ова што госпоѓата Лазаревска го кажа, мислам не држи, бидејќи мојот предлог беше легален и не очекував дека вакви реакции меѓусебни ќе си правите вие во вашата парламентарна група.

Второ, колку вас да ви изгледа ова прашање на тежина, со ова другото, меѓутоа во корелација се, бидејќи со расправата по ова добиваме нешто што постојано во Бугарија како јавно мнение се пренесува овде, тоа е едно,и второ всушност расправаме за оние политички ставови на политичките партии кои кореспондираат по ваквите ставови и всушност ја рушат платформата и суверенитетот што го изгласивме овде. Лично го повлекувам предлогот и мислам дека е разумно на друга седница да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој има да каже по другите прашања да каже нешто од дневниот ред?

**ПОПОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, од средствата за јавно информирање дознавме дека на вчерашната седница Извршниот совет меѓу другото расправаше и за нападите од страна на Централниот одбор на ВМРО-ДПМНЕ врз Југословенската народна армија и за тоа донесува и свои ставови. Не ми е јасно од кои причини не предлага да се расправа на ова собрание за ова сериозно прашање. Имајќи ги предвид бурните реакции на граѓаните на нашата Република, без оглед на партиската одговорност, предлагам за ова прашање да се расправа на денешната седница и ова собрание да донесе свои ставови.

**ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ:**

Извршниот совет на вчерашната седница расправаше, после усмената информација на секретарот за народна одбрана во врска со прашањата околу одбраната и соопштенијата, вознемиреноста во јавноста, а врзани за прашањата на народна одбрана. Исто така Извршниот совет кога расправаше за прашањето од безбедносен аспект кои се рефлектираат посебно во Западна Македонија, оваа точка 2 која што денеска Парламентот одлучи да не биде на дневен ред, за задолжи РСВР да припреми една информација во врска со прашањето од народната одбрана и Извршниот совет да расправа и потоа да го информира Собранието, односно му предложи и Собранието да расправа на една од наредните седници. Тоа е и заклучок на вчерашната седница на Извршниот совет и повторно беше задолжен Републичкиот секретар за народна одбрана да припреми информација и на наредната седница да биде на седница на Извршниот совет. Тоа е заклучок од вчерашната седница на Извршниот совет и повторно беше задолжен Републичкиот секретар за народна одбрана да припреми информација и на наредната седница да биде на седницата на Извршниот совет. Тоа е заклучокот од вчерашната седница на Извршниот совет по ова прашање

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Поповски имаме одговор да го прифатиме сега ова, денеска да не расправаме, ќе испратат материјал и за тоа ќе расправаме. Дали може така? (Може).

**ИВАНОВ:**

Се извинувам што ја продолжуваме вака седницата околу дневниот ред, меѓутоа, земајќи предвид дека три пратеници на претходната седница го поставија прашањето околу проблемите со оризот и предложија оваа проблематика да се уврсти на една од наредните седници на дневен ред, посматрајќи ја тежината, или поаѓајќи од тежината на оваа прашање, јас предлагам за наредната седница ова прашање да биде обавезно поставено, со една претходна припрема, а за денешната седница респектирајќи ги и тежината на проблемите мислам тоа нешто да биде земено во предвид.

Второ прашање врзано со проблематиката околу основното образование. Ние сме сведоци дека оваа прашање е доста сериозно во Републиката и по таа линија ова прашање беше поставено во повеќе расправи , исто така сугерирам ова прашање да се земе предвид за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ**

Господинот Иванов не даде предлог за дневен ред, даде сугестии за понатаму.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, јас изразувам неразбирање за изземање на точката 17 и точката 18, тоа е предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насочено

Образование и точката 18 предлог на донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно образование, со Предлог на закон. Овие два предлози за закони беа расправани на неколку состаноци на пратенички групи за образование, наука и култура, на предлог од ресорниот орган од Извршниот совет. На денешната седница имавме предлог, да се симнат од дневниот ред, исто така повикувајќи се на Мислењето од Извршниот совет, така што, тука мислам дека доаѓа до една диспропорција и јас покажувам едно неразбирање и протест, заради изземање на овие две точки, така што се придружувам на барањата на просветните работници и на барањата од општините од западниот дел од Македонија. Сметам дека овие закони, нивното донесување се од итен карактер и на можеме да си играме понатаму со трпението на народот од Западниот дел на Македонија. Предлагам да се стават на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Димовска предлага да се ставаат точките 17 и 18 на дневен ред.

**ЈАКИМОВСКИ:**

Јас предлагам точките 17 и 18 да се стават на дневен ред како втора и трета .

**ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ:**

Сакам само едно објаснување околу точките 17 и 18. Извршниот совет цени дека тие треба да бидат ставени на дневен ред на денешната седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го давам овој предлог на Извршниот совет на гласање.

Кој е за, да крене рака. (72 пратеници се за ).

Значи точките 17 и  18 се уврстени во дневниот ред.

**ЃОРЃИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, предлагам точката предложена 2, инаку во материјалот како точка 3, предлог на заклучок за состојбите и проблемите за репродукцијата во СРМ на почетокот од 1991 година да биде ставена на првата наредна седница од следните причини : Комисијата за стопанство расправаше по заклучоците и таа констатира дека заклучоците како плод од расправата на 60 пратеници вака донесени на денешната седница не ќе бидат дефинирани и основа за изработка, односно подготвување на Програмата и мерките за економската политика за 1991 година, исто така од седницата на Комисијата за стопанство има повеќе дополнувања на постојаните точки, а исто така и со нови заклучоци. Исто така, вие денеска ги добивте заклучоците, сметаме дека не ќе бидеме во можност да ги донесеме на денешната седница. Од тие причини предлагаме на првата наредна седница, но не со такво одлагање туку да биде во најкраток можен рок за да може да послужи за изготвување на Програмата на мерки и активности за 1991 година.

Исто така, предлагаме точката од реден број 21 во материјалот, предлог на закон за данокот на добивката на претпријатијата, исто така да биде одложена од денешната седница, бидејќи Комисијата за стопанство нема расправано по истиот предлог, а сметам дека би требало таа точка да се одложи од дневниот ред.

**ЈАКИМОВСКИ:**

Јас би сакал да го изразам својот протест, што мојот предлог се дезавоира и уште не расчистено тоа прашање проговоривме за други работи. Но останувам на предлогот. Точките 17 и 18 да бидат

на дневен ред како втора и трета точка, бидејќи сметам дека се приоритетни и за нива е потребно поголема концентрација и барам Собранието да се изјасни по овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За редоследот ќе зборуваме кога ќе ја утврдиме содржината, не сме завршиле по расправата за дневниот ред.

**АЛИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, во врска со дневниот ред јас би го имал следниот предлог: Предлагам од точката 3 па се до точката 18 изземајќи ги овие точки што се ставени во дневниот ред, барам да се симнат од дневниот ред. Предлогот го заслонувам од следните факти. Овој е плуралистички парламент, а предлогот ни е поднесен од комунистичката влада. Према тоа, вакви важни закони кои ние треба да ги усвоиме не би требало на ваков начин и во скратена постапка да ги прифатиме. Од самиот дневен ред, ос самите закони ми се чини дека некаде се бара и суштински измени на законите, према тоа, барам овие закони да одат по редовна процедура, односно откога ќе се разгледаат од компетентната нова влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само треба да укажам дека Извршниот совет овде работи во услови на плуралистички парламент и врз основа на устав и Законот, делува како влада. Треба да го почитуваме тој пат, бидејќи извира од највисок законски документ и да овозможиме Извршниот совет својата улога како влада во овој период до изборот на новата влада ја врши несметано и секоја негова активност што се заснива на Уставот и законот, мораме да ја почитуваме како легитимна.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас му благодарам на господин претседателот за вака укажаната дискусија во врска со тоа каков е Извршниот совет, односно Владата, меѓутоа како член на овој парламент, сакам да истакнам едно незадоволство, во врска со сите информации кои што се протежираат во јавноста, дали овој Извршен совет е легитимен или нелегитимен. Таков каков што е тој на нас ни треба. Според тоа, мислам дека сите треба во своите дискусии да престанеме дали ќе ги повикуваме легитимни или не. Ако тие не одговараат, дајте да избереме нова влада што побрзо, меѓутоа, не можат ниту тие , ниту ние да работиме со едни вакви префрлања дали тие се компетентни, легитимни или не. И една друга работа, мислам дека предлогот што беше даден за симнување на точките од дневниот ред не држи , од проста причина што сите во општините го очекуваат законот за локална самоуправа со големо нетрпение и во големи исчекувања, од проста причина што е настанат еден голем хаос кај сите во општината, а сите овие закони се врзани во некоја рака со растоварување и незнам меѓу нив колку има системски решенија, меѓутоа тоа се важечки закони, не многу се изменети со системски промени , меѓутоа повеќе се од формален карактер за продолжување на интеграциите на Републиката, а обезвластување на општината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве мола, имаме два предлога. Прво предлогот на господин Муртезани. Сите точки од дневниот ред од точката 3 заклучно со Предлог-законот за добивките на претпријатието да се симнат и одложат.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (19 пратеници се за ).

Кој е против? (86 пратеници се против).

Кој е воздржан? (Нема воздржани ).

Според тоа предлогот на господин Муртезани не е прифатен.

Перо Георгиев предложи точката 3 и точката 21 од вам доставеното решение, да се одложат.

Молам, кој е за одлагањето да крене рака. (62 пратеници ).

Молам, кој е против? (4 пратеници ).

Дали има воздржани? (двајца пратеници ).

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: ПДП

Почитувани пратеници, мојот предлог во врска со  дневниот ред во точката 22- -избор на претседател и членови на Комисијата за меѓунационални односи и Комисијата за образование, наука и култура на Собранието на  СРМ, оваа точка да се преформулира и од оваа точка да изостане изборот на Комисијата за меѓунационални односи. Двете комисии можат да одат, а оваа Комисија да не се избере на оваа седница, затоа што Предлогот на Комисијата за избори и именувања не е во согласност со уставните одредби кои го регулираа ова прашање односно со членот 183 од Уставот на СРМ и со Одредбие на Деловникот за работа на Собранието на СРМ. Јас како претседател на Комисијата за Деловник не можам да го прифатам ваквиот предлог за формирање на Комисијата која произлезе од Комисијата за избори и именувања затоа што тој предлог директно се коси и со уставните одредби и со одредбите на Деловникот, а ако има потреба ќе ги прочитам членовите кои директно се подудараат со ваквиот предлог.

Членот 183 од Уставот на СРМ став 3 односно алинеја: 3, но ако ми дозволите ќе ја прочитам и првата алинеја каде што се вели: "во собранијата на општините во чие подрачје живеат припадници на народностите и во Собранието на СРМ се образува Комисија за меѓунационални односи“.

Ставот 3 вели: "во Комисијата за меѓунационални односи се избираат еднаков број на припадници на Македонскиот народ, албанската и турската народност. Според Предлогот кој ми е доставен од Комисијата за избори и именувања во тој состав има од 8 члена 2 албанци и пратеникот г-дин Фаик Абди од Ромите,

па тој состав не е соодветен на она што уставните одредби и Деловникот за работа на Собранието налага.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања
да објасни дали да остане на дневен ред.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:** ВМРО-ДПМНЕ

Претходната дискусија сметам дека не е во врска со утврдувањето на измената и дополнување на дневниот ред, не треба да се заземе никаков став. Таква дискусија пратеникот може да си ја одложи, да ја сочува кога ќе дојде редовно точката на дневен ред и да дискутира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, објаснувањето е точката треба да биде на
дневен ред а дали ќе се усвои предложениот состав да произлезе од расправата која ќе ја обавиме по точката.

Дали Зибери има уште нешто?

**НАСЕР ЗИБЕРИ**:- ПДП

Јас образложението го дадов за да го поткрепам мојот предлог, а предлогот е јасен, точката 22 да се преформулира односно да изостане изборот на Комисијата за меѓунационални односи заради причините кои ги изнесов.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Според тоа, г. Зибери предлага друго за делот за една
од комисиите за меѓунационални односи во дневниот ред да не стои
дека ќе се расправа денеска. Тој предлага тој дел од точката да

се симне и да се преформулира. Претседателот на Комисијата за избори и именувања кој ја предлага оваа точка во дневниот ред објасни дека точката треба да остане вака формулирана како што е предложено од Комисијата. Ако има неправилности во предлогот на составот на Комисијата за меѓунационални односи, тогаш треба да се изнесат и да се наведат причините и аргументите по тоа. Тоа се два предлога. Молам, предлогот на г. Зибери го давам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (23 пратеници креваат рака).

Дали има против? (82 против)

Значи останува предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Дали има уште да се дополни нешто во дневниот ред? (Нема)

Тогаш го давам на гласање односно прво го ставам на расправа предлогот на г. Јакимовски точките 17 и 18 да бидат како точки 2 и 3.

Дали некој бара збор во врска со тоа? (Никој).

Напоменувам дека нема никаква работна неопходност да биде тоа односно да се менува редоследот.

Молам, предлогот на Јакимовски го ставам на гласање.

Кој е за, да крене рака? (35 пратеника гласаат за предлогот на Јакимовски).

Кој е против? (53 пратеника)

Дали има воздржани? (еден воздржан)

Значи, со 35 гласа за, 53 против, еден воздржан, а другите не гласаа па според тоа предлогот на Јакимовски не доби потребен број гласови и не е прифатен.

Според тоа, на денешната седница ќе работиме по следниот дневен ред:

1. Избор на делегација на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

2. Предлог за донесување закон за системот на финансирање на општите општествени и заедничките потреби.

3. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните.

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните.

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патишта, со Предлог на закон.

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежната инспекција, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за станбени односи, со Предлог на закон.

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти, со Предлог на закон.

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните судови, со Предлог на закон.

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, со Предлог на закон.

14. Предлог за донесување на закон за изменување и
дополнување на Законот за судовите за прекршоци, со Предлог на
закон.

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насоченото образование, со Предлог на закон.

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, со Предлог на закон.

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за физичка култура, со Предлог на закон

18. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за просветната инспекција,со Предлог на закон,

19. Избор на претседатели и членови на Комисијата за меѓунационални односи и на Комисијата за образование, наука и култура на Собранието на СРМ.

20. Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот
за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно трговскиот промет,

21. Предлог на автентично толкување на одредбите на членовите 42,43 и 52 од Законот за девизното работење што важеа до 331 декември 1989 година,

22. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој,

23. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за
гаранција меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој

24. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој

25. Предлог на закон за ратификација на Погодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на Трипартитната спогодба склучена помеѓу СФРЈ , Арапксата Република Египет и Република Индија, потпишана на 23 декември.1967 година.

26. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој,

27. Дополнителен предлог на сојузниот извршен совет на Собранието на СФРЈ на Нацрт законот за продолжување на важен>ето на дел од општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и на одредбите на Законот со кои се утврдуваат средствата на фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини.

Молам, кој е за предложениот ред да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали некој е против? (20)

Дали некој се воздржува од гласање ? (3)

Со 20 гласа против и 3 воздржани констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Пред да минеме на 1-та точка од дневниот ред, сакам да ве известам дека претседателот на Републиката писмено ми го достави предлогот за кандидат за претседател на Владата на СР Македонија. Предлогот гласи:

"Врз основа на алинејата 2 од точката 3 од Амандманот 75 и ставот 1 од точката 5 од амандманот на Уставот на СРМ и членот 15 од Законот за Владата на СРМ, а по претходно обавените консултации

со политичките организации кои се застапени во Собранието на СРМ,
на Собранието на СРМ му поднесувам предлог за кандидат за претседател на Владата на СРМ.

Прво, за кандидат за претседател на Владата на СР Македонија го предлагам д-р Никола Кљусев, проф. на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје и дописен член на МАНУ.

Второ, овој предлог да се достави на Собранието на СРМ
Претседател на СР Македонија / Киро Глигоров.

Претседателот на СРМ сака да ви соопшти од кои причини и од кои околности се раководел кога го утврдил овој предлог.

Му давам збор на претседателот на Републиката.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Накусо ќе ви ја опишам процедурата како течеше и како дојдов до овој предлог кој ви го соопшти претседателот Андов.

По мојот избор за претседател на Републиката и потоа изборот на потпретседателот на претседателот на Републиката пристапив кон извршување на обврската да во консултација со партиите да изберам и предложам мандатор за новата Македонска влада.

Притоа тргнав од пред тоа заклучениот меѓупартиски договор за поделбата на власта во Македонија и со тој договор утврденото право ВМРО-ДПМНЕ да предложи кандидат за претседател на Владата.

Се обратив до раководството на ВМРО-ДПМНЕ и тие го предложија како што ви е познато, г. д-р Александар Лепавцов. За тој предлог обавив консултации со сите партии и не добив согласност

за таа кандидатура, а моето мислење се совпаѓаше со мислењето
на консултираните партии.

Потоа, како што знаете, на минатото Собрание беше донесен заклучок на
Собранието партијата ВМРО-ДПМНЕ се обиде да предложи
и излезе во пресрет на барањето на претседателот да не дојдеме
до парламентарна криза да предложи нов кандидат или двајца кандидати и да
се запази тоа право ВМРО-ДПМНЕ да добие мандатор.
Меѓутоа, до завчера јас не добив друг предлог со објаснување дека се
обврзани од своето Собрание кое го одржале да останат исклучиво на
предлогот на д-р Левпавцов. Бидејќи тоа ми се соопшти дека е конечен став на
ВМРО-ДПМНЕ, јас ги свикав сите партиски раководители и им кажав за што
сме дошле, кои се резултатите на консултациите и побарав да се изјаснат сите
кој е , според нив, излез од кризата при што уште еднаш побарав, почитувајќи
го меѓупартискиот договор ВМРО-ДПМНЕ да предложи како кандидат,
одговорот беше дека дефинитивен нивен став е од тој кандидат дека не
отстапуваат и немаат друг предлог.

Второ, ги запрашав сите присутни партии да одговорат
дали се тие подготвени, секоја поединечно, да се прифати за таа
задача да предложи некој кандидат. Сите се изјаснија дека не се
подготвени да примат таква одговорност и дека остануваат на договорот дека
ВМРО-ДПМНЕ треба да го предложи тој кандидат.
Констатирајќи во тој случај дека Македонија понатаму не можеме да
ја составиме без Нова Влада во овие вакви какви се состојби во
Југославија, економската ситуација на Македонија која ви е позната,
ја расправавте минатата седница, па и денеска се на дневен ред заклучостие
во врска со тоа, социјалните превирања и тензии кои постојат
во Републиката што секое одолговлечување понатаму по сите можни обиди со
големо трпение, со обид и со аргументи да се убедиме да дојдеме до што
подобро решение.

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Еве како што гледаме денеска и висока температура во меѓунационалните односи, ние не можеме да останеме понатаму во овој провизориј, без оглед што сегашната Влада согласно со Уставот и законите ја обавува својата функција и треба да и помогнеме во ова преостанато време, коректно да си ги обави своите должности.

Како што реков, бидејќи ниедна партија не се сложи да обарзува Влада до колку ВМРО-ДПМНЕ не го промени кандидатот или не се обиде да даде некој друг кандидат, тогаш моите можности се сведуваат во следното:

Да предложам да се избере мандатор кој е човек, кој има високо признание во нашето општество и да состави експертска Влада, во која секој што ќе учествува во неа ќе биде претставен како личност. И да по тој начин обезбедиме да добиеме една способна Влада од луѓе кои во своите области, во своите струки се признати и врвни и да се пристапи кон разрешувањето, кон работата и кон разрешувањето на сите овие тешки проблеми пред кои се наоѓаме.

Имајќи го предвид се ова што го изнесов, вкупната ситуација, провизориумот во кој се наоѓаме, и после консултациите со партиите а морам да кажам дека Партијата на реформистите, СКМ-ПДП, Партијата за демократски просперитет ја прифатија формулата да одиме на експертска Влада и се сложија со предлогот да биде предложен д-р Никола Кљусев. ВМРО-ДПМНЕ рече дека нема тој да попречи да дадам јас таков предлог, не ќе излезам со предлог а тие ќе заземат став спрема тоа кој е за кандидатот и за составот на владата кога таа ќе биде предложена.

Еве заради сите тие причини и после сета постапка која е спроведена го повикав д-р Никола Кљусев и му поверив мандат за состав на таква Влада со таква физиономија како што ви соопштив. Се разбира, на вас пратениците е кога д-р Никола Кљусев ќе се појави со составот на Владата, со својата општа програмска ориентација, да процените дали заслужува доверие и да и ја доверите таа должност или не. (Бурен аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ислушавме соопштението на претседателот на Републиката
Минуваме на првата точка од дневниот ред - Избор на делегација на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините во Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Изборот на Делегацијата се врши според постапка утврдена во Законот за избор на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Комисијата за прашања на изборите и именуваната утврди листа на кандидати за Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Листата на кандидатите, записникот од работата на Комисијата и изјавите на кандидатите ви се доставени. Листата на кандидатите ќе ја образложи претседателот на Комисијата за прашања на из- борите и именувањата Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Делегацијата која ќе не претставува во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Република Југославија од нашата Република брои 12. Комисијата за прашања на изборите и именувањата одржа состанок и утврди кандидати за Делегацијата 12 пратеници. Во водената дискусија беа предложени 17 пратеници. Во постапка на усогласување во рамките на Комисијата утврдивме 12 можни кандидати, со тоа да се поедностави и начинот на гласањето во однос на оваа листа на Делегацијата. Листата е составена по азбучен ред, според Законот и така оди, исто во рамките на Комисијата за избор и именувања, листата се утврдува со тајно гласање. Таа се составува според бројот на добиените гласови во рамките на комисијата и така ви е доставена.

Меѓутоа првите 10 пратеници едногласно беа утврдени во рамките на Комисијата. И тие поради ист број на гласови се дадени од 1 до 10 по редослед по презимето, односно по азбучен ред на кандидатите, додека 11 и 12 кандидат имаат по еден глас помалку, а се со ист број на гласови и се дадени по азбучен ред.

Гласањето се врши со заокружување. Оној кандидат кој е заокружен добива глас од пратеникот кој го заокружил, додека оние кандидати кои нема да бидат заокружени од одреден број пратеници, со тоа се изјаснува дека е против утврдениот кандидат. Резултатите се сумираат на тој начин, што секој кандидат е потребно да добие минимум мнозинство од вкупниот број пратеници, односно под претпоставка да се присутни 120 пратеници, тој треба да добие минимум 61 глас за да се смета за избран пратеник во Делегацијата. Јас мислам дека доколку има потреба нешто да се дополни *ќе* се јавам дополнително.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, дали некој бара збор? (Никој не бара збор).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Собранието ја избира Делегацијата со мнозинство гласови
на сите пратеници, со тајно гласање.

За спроведување на гласањето за избор на Делегацијата, Собранието образува Комисија за избор од редот на пратениците.

За членови на Комисијата ги предлагам пратениците: Ташко
Киров, Душко Ѓорѓевски, Аслам Селмани, Наум Симјановски и Бранко Арсовски.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Делегатите креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека за членови на Комисијата се избрани пратениците: Ташко Киров, Душко Ѓорѓевски, Аслан Селмани, Наум Симјановски и Бранко Арсовски.

Гласањето ќе го извршиме на следниов начин.

На сите присутни пратеници ќе им биде дадено по едно
гласачко ливче.

Пратеникот може да гласа за онолку кандидати колку што се избираат членови на Делегацијата.

Пред името на кандидатите стои реден број и гласањето се
врши со заокружување на редниот број.

Секој пратеник може да гласа само за кандидатите чии
имиња се наведени во гласачкото ливче. Секое внесување на нови

имиња го чини ливчето неважечко. За неважечко се смета и гласачкото ливче кое не е пополнето, како и гласачкото ливче што е пополнето така што да не може со сигурност да се утврди дали пратеникот гласал за кандидатите, односно за КОЈ кандидат гласал.

Гласањето се врши со прозивка.

Прозивката ја врши секретарот на Собранието.

Пратениците што ќе бидат прозвани доаѓаат до работната маса во салата, каде ќе им биде дадено гласачкото ливче.

Заради обезбедување на тајноста, пратениците за гласањето ќе ги користат местата во салата определени за вршење на гласањето.

Откако ќе го извршат гласањето пратениците, свитканите гласачки ливчиња ги спуштаат во гласачките кутии.

Потоа, седницата се прекинува за да се утврдат резултатите од гласањето.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

Ги молам членовите на Комисијата за избор да ги запечатат гласачките кутии, да присуствуваат кај гласачките кутии, а по завршувањето на гласањето да се повлечат во салата спроти свечената сала, заради утврдување на резултатите од гласањето.

Го молам секретарот на Собранието да почне со прозивка на пратениците.

(Секретарот ја врши прозивката и во салата се одвива гласањето).

(Пауза)во 11,45 часот).

Седницата после паузата почна во 13,30 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа. Го молам известителот на Комисијата
за гласање да поднесе извештај за резултатите од гласањето.

Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Извештај на резултатите од гласањето за избор на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Комисијата во состав: Ташко Киров, Душко Горѓевски, Аслан Селмани, Наум Симјановски, и Бранко Арсовски, по извршеното гласање од страна на пратениците и пребројувањето на гласачките ливчиња констатира дека на седницата присуствувале 118 пратеници, гласале 118 пратеници.
Неважечки ливчиња има две.

Кандидатот Ламбе Арнаудов, добил 86 гласа.
Кандидатот Александар Гештаковски добил 77 гласови
Кандидатот Петар Гошев добил 86 гласови.
Кандидатот Љубисав Иванов добил 69 гласови.
Кандидатот Горѓи Котевски, добил 85 гласови.
Кандидатот Ванчо Младенов, добил 78 гласови
Кандидатот Панче Насев, добил 82 гласови.
Кандидатот Симон Наумовски, добил 73 гласови.
Кандидатот Томислав Стевковски, добил 85 гласови
Кандидатот Томислав Стојановски, добил 78 гласови
Кандидатот Мерсим Положани, добил 57 гласови.
Кандидатот Исмет Рамадани, добил 64 гласови.

Врз основа на овие резултати од гласањето, за членови на Делегацијата на Собранието на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ се избрани:

1- Ламбе Арнаудов,
2. Александар Гештаковски
3. Петар Гошев
4. Љубисав Иванов
5. Горѓи Котевски
6. Ванчо Младенов
7. Панче Насев
8. Симон Наумовски
9. Томислав Стевковски
10. Томислав Стојановски
11. Исмет Рамадани

Овие пратеници се избрани бидејќи добија мнозинство гласови од сите пратеници во Собранието.

Во името на комисијата им го честитам изборот и им пожелувам плодна и содржајна работа. (аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Врз основа на овие резултати од гласањето прогласувам дека: Ламбе Арнаудов, Александар Гештаковски, Петар Гошев, Љубисав Иванов, Горѓи Котевски, Ванчо Младенов, Панче Насев, Симон Наумовски, Томислав Стевковски, Томислав Стојановски, Исмет Рамадани, се избрани за членови на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, бидејќи добија мнозинство гласови од сите пратеници во Собранието.

Пратеникот Мерсим Положани не е избран за член на Делегацијата бидејќи не доби мнозинство гласови од сите пратеници во Собранието.

Бидејќи еден кандидат не го доби потребното мнозинство гласови, согласно законот се повторува целата изборна постапка за еден член на Делегацијата.

Избраните членови на делегацијата, свечена изјава согласно член 158 од Деловникот на Собранието ќе дадат пред претседателот на Собранието на СРМ.

Известен сум од претседателот на Извршниот совет на Собранието на СРМ дека за време на паузата Извршниот совет имал седница и одлучил да се обрати во Собранието, пред пратениците, да се овозможи, пред минување на втората точка во врска со предлозите- за дневен ред, за расправа кои беа овде, Извршниот совет да даде свое пошироко излагање односно Информација и тоа по проблематиката - Оценки и ставови во врска со изјавата на министерството за надворешни работи на НР Бугарија и во врска со предлогот за дневен ред - Актуелните напади на ЈНА во Републиката.

(помал дел од пратениците не се согласуваат со овој предлог потенцирајќи дека тоа не е на дневен ред за денешната седница).

Тоа не е на дневен ред и нема да се води расправа, но тие сакаат овде да дадат нивни ставови и нивна информација. Инаку тоа е нивно деловничко право.  Тоа е само за информирање.

Има збор господин Тито Беличанец.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Извршниот совет на вчерашната седница ја разгледа Информацијата за некои актуелни аспекти на неодамнешната изјава на министерството за надворешни работи на Бугарија.

По повод таа изјава Извршниот совет го користи своето деловничко право да ја запознае и пошироката јавност со ставовите и оценките што ги заседе на седницата одржана вчера и за што веќе беше информирана јавноста преку соопштението за работата на Извршниот совет.

Извршниот совет на Собранието на Х1РМ смета, иако кратка изјавата на Бугарското министерство за надворешни работи по својата форма, содржина и цел претставува јасен сублимат на познатата политика на Бугарија спрема СФРЈ и СРМ, но овој пат актуелизирана од аспект на денешните процеси на Балканот и Европа, во Бугарија посебно е мотивирана и од актуелните процеси и состојби во нашата земја и СР Македонија.

При заземањето на овие оценки и ставови, Извршниот совет имаше предвид одбивањето на демаршот од страна на официјалните претставници на НР Бугарија кој го поднесе Сојузниот секретаријат за надворешни работи, а демаршот се однесуваше по повод изјавата на Мицотакис и Попов за непостоењето на македонскиот народ и оценката на ССИП дека таа изјава е вперена против историските интереси на македонскиот народ и интегритетот на СФРЈ.

Пред се изјавата на Министерството за надворешни работи на Република Бугарија која е во облик на декларација, претставува одговор на официјалниот југословенски дипломатски демарш, вложен на Амбасадата на Република Бугарија во Белград, по повод изјавите на претседателот на Бугарската Влада Попов и на грчкиот премиер Мицотакис на Конференцијата за печатот во Атина на 15 февруари о.г.

Како што ви е познато, по повод изјавата на Попов и Мицотакис, на конференциите  за печат во јануари, во Софија и во февруари во Атина о.г., се негира постоењето на македонското национално малцинство и заради тоа од југословенската страна се врачени демарши

Треба да се нагласи по повод на овие два југословенски принципиелни демарши досега јавно реагираше само бугарската страна.

Со одбивањето на суштината на југословенскиот демарш, уште еднаш се потврдува официјалниот бугарски став за непостоењето на македонското национално малцинство во Бугарија, а со тоа и на македонскиот народ. На тој начин и овој пат се игнорира сета сериозност на ова прашање во југословенско -бугарските односи.

Во врска со обвинувањето на Бугарското министерство за надворешни работи дека на Југославија, односно на некои кругови во СФРЈ им пречи бугарско - грчката соработка, Извршниот совет истакнува дека мора да се има предвид принципиелната југословенска позиција дека нашата земја ја поддржува и иницира секоја билатерална и мултилатерална соработка на Балканот, при што смета дека односите меѓу државите не може да се градат на сметка на трети земји. Меѓутоа, мора да се има предвид фактот дека бугарско -грчките односи што е потврдено и низ изјавите на премиерите на овие две земји се остваруваат и градат и врз антијугословенска и антимакедонска основа. Притоа се има предвид коинциденцијата на ставовите на овие две земји во однос на постоењето на македонското национално малцинство во нив.

Второ, неприфатлив е и делот во изјавата на бугарското МНР во кој се изразува заинтересираноста на Бугарија за идната судбина на СРМ во контекстот на актуелните југословенски внатрешни состојби и процеси, со што јасно се манифестира интересот и амбициите на Бугарија да се наметне како фактор во разрешувањето на југословенскиот договор на суверените републики и притоа да ја декларира својата позиција и интереси. Имено, пораката дека "Бугарија нема намера да го спречува утврдувањето на државноста на СР Македонија", недвосмислено го потврдува бугарскиот став во однос на државноста на СРМ, при што се пренабрегнува фактот дека

државноста на Републиката е утврдена со решенијата на АСНОМ, како автономен чин на македонскиот народ. Затоа, тој став не може да се толкува поинаку отколку повторување на досегашниот бугарски став за СРМ како конститутивен елемент на Југословенската федерација, односно како територијално административно политичко решение во рамките на СФРЈ по Втората светска војна. Од друга страна, во ниту еден досегашен бугарски официјален став, како ни во оваа изјава СР Македонија никогаш не била третирана како држава на македонскиот народ.

Трето, таквиот бугарски приод се потврдува и низ оваа изјава на бугарското МНР во која што се наведува дека судбината на СРМ "треба да ја решава нејзиното сопствено население, а не македонскиот народ. Ова всушност е во духот и значи приспособување кон досегашните бугарски тези за т.н. "бугарски карактер" на населението на СРМ односно кон тезите дека во Македонија живее "бугарско население" што ескалира и со барањето "на правата на е 1.500 илјади Бугари во Македонија". Поентата на оваа порака е обидот да се наметне тезата дека треба да уследи т.н. "демократско" изјаснување за националниот состав на граѓаните во Републиката.

Четврто, за степенот на ескалирањето на претензиите Бугарија претендира да биде фактор во вкупните процеси и состојби во Републиката за тоа сведочи делот од изјавата во која бугарската страна си го зема правото да оценува кои од усвоените акти во Собранието на СРМ се законите.

Од друга страна бугарската страна оди до таму што си го резервира правото евентуалното прогласување на СР Македонија како самостојна држава и откажувањето на територијални претензии спрема неа, да го условува од нејзините оцени дали е тоа остварено на "легитимен" начин.

Ваквиот став за немање територијални претензии само спрема СР Македонија претставува и отстапување од досегашните декларирани бугарски ставови за заинтересираноста за единствена и стабилна Југославија. Досега ниту една соседна земја не го искажала на ваков јасен начин својот интерес спрема одделни делови на Југославија или републики, односно спрема одделни територијални и други аспекти во врска со политичкиот договор за иднината на југо - словенската заедница. Истовремено, декларирањето дека Бугарија ќе нема територијални претензии, дури и да се иземе напред реченото, иако навидум остава простор да се толкува како позитивен момент,по својата суштина не значи ништо ново и не претставува промена на основниот став на Бугарија спрема СР Македонија и македонскиот народ. Впрочем, на такво однесување Бугарија како и сите други земји се обврзани согласно Повелбата на ООН, завршните акти на КЕБС, Париската повелба и други меѓународни документи.

III

При оценувањето на Изјавата на бугарското Министерство за надворешни работи, покрај нејзината содржина треба да се имаат предвид актуелните внатрешни политички состојби. во Бугарија, а посебно нагласеното изразување на великобугарскиот национализам од страна на голем број политички партии и со поддршка на државните органи. Во тие услови и во најново време, и покрај бугарската декларираност кон демократските принципи, отсуствуваат позитивни чекори во целината на југословенско -бугарските односи, во остварувањето на соработката со СРМ, а посебно во однос на почитувањето и признавањето на правата на македонското национално малцинсто во Бугарија. Така на пример, продолжуваат репресивните мерки спрема македонското национално малцинство и неговите организирани форми на активност во борбата за основните човекови и национални права; нерегистрирањето на Обединетата Македонска Организација "Илинден" и преземањето мерки на репресии и заплашување на нејзините членови и активисти; овозможувањето и поттикнувањето и афирмирањето на активноста на неоврховистичките и профашистички организации и групи, а пред се формирањето и дејствувањето на ВМРО - Сојуз на македонски друштва; засилениот информативен и пропаганден настап во печатот и историографијата за докажувањето "бугарскиот карактер" на населението во СРМ; поставувањето пред меѓународните форуми ( во рамките на ООН и КББС) на прашањето за положбата на 1.500,000 Бугари во Македонија"; во услови на зголеме-

на циркулација на луѓе меѓу двете земји, спречување на комуникацијата на припадниците на македонското национално" малцинство со матичниот народ не значи ништо друго, туку еден континуитет на бугарската поли-
тика во поглед на негирањето на македонскиот народ и на правата на националните малцинства  во НР Бугарија.

1. Од сето изнесено произлегува дека Изјавата на бугарското Министерство за надворешни работи во суштина не внесува ништо ново и нема суштински промени во познатата бугарска антимакедонска и антијугословенска политика. Имено, Изјавата по содржината и по интонацијата претставува најнов обид за меша&е во нашите внатрешни работи. Од тука оваа Изјава со која бугарската страна го одби југо- словенскиот оправдан Демарш по повод изјавите на бугарскиот и на грчкиот премиер при нивните неодамнешни средби, е спротивна на декларираните желби за унапредување на односите и соработката и таа според интонираноста и мотивите ќе има негативен одраз во односите и не придонесува за нивниот позитивен развој. Всушност целта на оваа изјава е во континуитет да се негира македонскиот народ, т.е. да се сврти вниманието од основното прашање во меѓусебните односи, почитувањето на правата на македонското национално малцинство во Бугарија.

I

Пред се, Изјавата на Министерството за надворешни работи на Република Бугарија претставува одговор на официјалниот југословенски дипломатски демарш вложен во Амбасадата на Република Бугарија во Белград по повод изјавите на претседателот на бугарската влада Д. Попов и на грчкиот премиер "К. Мицотакис на конференција за печат во Атина на 15 февруари о.г. Како што е познато, по повод изјавите на Д. Попов и К. Мицотакис на конференцијата за печатот во јануари во Софија и во февруари во Атина о.г., во кои се негира постоењето на националното малцинство, од југословенската страна се врачени демарши.

Треба да се нагласи дека по повод овие два југословенски принципиелни демарши досега јавно реагираше само бугарската страна. Со добивањето на суштината и принципиелниот и конструктивен приод на југословенскиот демарш, уште еднаш се потврдува официјалниот бугарски став за непостоењето на македонското национално малцинство
во Бугарија. На тој начин, и овој пат од бугарска страна се игнорира сета сериозност на ова прашање во југословенското- бугарските односи.

Во врска со обвинувањето на бугарското Министерство за надворешни работи дека на Југославија односно на "некои кругови" во СФРЈ им пречи бугарско- грчката соработка, мора да се има предвид

принципиелната југословенска позиција на поддршка и иницирање на билатерална и мултилатерална соработка на Балканот, при што смета дека односите меѓу државите не можат да се градат на сметка на трети земји.

2. Неприфатлив е и делот во Изјавата на бугарското Министерство за надворешни работи во кој се изразува наводната заинтересираност на Бугарија за идната судбина на СР Македонија во контекстот на актуелните југословенски внатрешни состојби и процеси, со што јасно се манифестира интересот на претензиите на Бугарија да се наметне како фактор во разрешувањето на југословенскиот договор за суверените републики и притоа да ги остварува своите интереси и цели. Имено, пораката дека "Бугарија нема намера да го спречува утврдувањето на државноста на СР Македонија" недвосмислено го потврдува познатиот бугарски став во однос на државноста на СР Македонија, што се изразува низ негирање на фактот дека државноста на Републиката е утврдена со решенијата на АСНОМ и дека отогаш се остварува во континуитет.

Затоа, тој став не може да се толкува поинаку отколку повторување на досегашниот бугарски приод според кој СР Македонија никогаш не била третирана како држава на македонскиот народ.

3. Таквиот бугарски приод се потврдува и низ оваа изјава на бугарското Министерство за надворешни работи во која што се наведува дека судбината на СР Македонија "треба да ја решава нејзиното сопствено население, а не и македонскиот народ. Ова всушност е во духот и значи приспособување на и познатите бугарски тези за "бугарскиот карактер" на населението на СР Македонија, што ескалираше и со барањето "на правата на 1.500,000 Бугари во Македонија". Поентата на оваа порака е обидот да се наметне теза дека допрва треба да уследи така нареченото "демократско" изјаснување за националниот состав на граѓните во Републиката.

4. За степенот на ескалирањето на претензиите Бугарија да биде фактор во вкупните состојби и процеси во Републиката сведочи делот од Изјавата во која бугарската страна си го зема правото да оценува кој од усвоените акти во Собранието на СРМ се законити.

Од друга страна, бугарската страна оди дотаму што си го резервира правото евентуалното прогласување на СР Македонија како самостојна држава и откажувањето на територијални претензии спрема неа, да *го* условува од нејзините оцени дали тоа е остварено на "легитимен" начин.

Ваквиот став за наводното .немање територијални претензии само спрема СР Македонија претставува и отстапување од досегашните декларирани бугарски ставови за заинтересираноста за единствената и стабилна Југославија. Досега ниту една соседна земја не го искажала на ваков начин својот нескриен интерес спрема одделни делови на Југославија или републики, односно спрема одделни територијални и други аспекти на политичкиот договор за иднината на југословенската заедница.

Конечно, декларирањето дека Бугарија во иднина ќе нема територијални претензии, дури и да се изземе напред реченото и иако навидум остава простор да се толкува и како позитивен момент, според својата суштина не претставува промена на основниот став на Бугарија спрема СР Македонија и македонскиот народ и спрема Македонското национално малцинство. Впрочем, на такво однесување и на почитување на територијалниот интегритет Бугарија како и сите други земји се обврзани согласно Повелбата на 00Н, завршните акти на КЕБС, Париската повелба и други меѓународни документи.

III

При оценувањето на Изјавата на бугарското Министерство за надворешни работи, покрај нејзината содржина, форма и начин на изнесување треба да се имаат предвид и актуелните внатрешни политички состојби во Бугарија, а посебно нагласеното изразување на великобугарскиот национализам од страна на голем број политички партии и со поддршка на државните органи. Во тие услови и во најново време, и покрај бугарската декларативна приврзаност кон демократските принципи, отсуствуваат позитивни чекори во целината на југословенско- бугарските односи, во остварувањето на соработката со СРМ; а посебно во однос на почитувањето и признавањето на правата на македонското национално малцинство во Бугарија. Така

на пример, продолжуваат репресивните мерки спрема македонското национално малцинство и неговите организирани форми на активност во борбата за основните човекови и национални права: не е регистрирано и се попречува работата на Обединетата Македонска Организација "Илинден"; се преземаат мерки на репресии и заплашување на нејзините членови и активисти; се овозможува и поттикнува и афирмира активноста на неоврховистичките и профашистички организации и групи а пред се дејствувањето на ВМРО - Сојуз на македонски друштва; засилен е информативниот и пропаганден настап со цел да се докажува така нареченото "бугарскиот карактер" на населението во СРМ; пред меѓународните форуми (во рамките на ООН и КЕБС) се поставува прашањето за "положбата на 1.500,000 Бугари во Македонија"; во услови на зголемена циркулација на луѓе меѓу двете земји и натаму се спречува на комуникацијата на припадниците на македонското национално малцинство со матичниот народ и бројни други примери.

IV

1. Од сето изнесено произлегува дека Изјавата на бугарското Министерство за надворешни работи во суштина не внесува ништо ново и нема суштински промени во познатата бугарска антимакедонска и антијугословенска политика. Имено, Изјавата по содржината и по интонацијата претставува најнов обид за мешање во нашите внатрешни работи. Од тука оваа Изјава со која бугарската страна го одби југословенскиот оправдан Демарш по повод изјавите на бугарскиот и на грчкиот премиер при нивните неодамнешни средби" е спротивна на декларираните желби за унапредување на односите и соработката и таа според доколку не бидат дадени уверливи докази за спротивното ќе имаа негативен одраз во односите и не ќе придонесува за нивниот позитивен развој. Всушност, целта на оваа Изјава е во континуитет со досегашните слични обиди да се негираат македонскиот народ и неговата држава и да се сврти вниманието под основното прашање во меѓусебните односи - почитувањето на правата на македонското национално малцинство во Бугарија.

Извршниот совет и Републичкиот секретаријат за односи со странство  во рамките на своите надлежности и натаму со внимание и интерес ќе ги следат сите позначајни чекори на бугарската страна и со готовност за вистинско унапредување на односите и соработката ќе предлагаат ставови, мерки и актив-ности во рамките од своите надлежности.

ИЗВРШЕН СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА
СР МАКЕДОНИЈА

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Дамјановски, секретар за Народна одбрана.

**РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:**

Почитуван другар претседател, почитувани пратеници, Изборот на повеќе партискиот македонски Парламент беше наша потреба и стварност. Оттука, за Македонија денес повеќе од кога било досега најзначајно е ангажирањето на своите творечки потенцијали за надминување на напластените проблеми во сите области на животот, а ги имаме премногу. Поради тоа чувствувам професионална и морална обврска да укажам на одредени состојби од сверата на одбраната и нејзиното организирање со цел да се донесат такви решенија кои се прифатливи за суверена Македонија и Југославија.

Во последниве години сведоци сме на крупни промени што настануваат во нашето општество и не ја одминуваат ниту , одбраната во земјата. Уставните промени во Републиката и другите усвоени документи, Декларацијата и Платформата не ставаат во еднаш нова позиција од која нашата Република и овој Парламент треба да тргнуваат во нудењето на идните решенија кои треба да бидат оптимални, бидејќи тоа го бара вкупната ситуација во Македонија и Југославија.

Одбраната на СРМ зависи и е во тесна корелација со тоа каква *ќе* биде иднината на Југославија. Меѓутоа, едно е јасно дека на Македонија во состав на југословенската заедница и одговара единствен систем на одбрана и единствени вооружени

сили со заедничко раководење и командување. Тоа е императив диктиран од воени, одбранбени, финансиски, сигурносни и психолошки потреби, единствениот систем на одбрана на Југославија и гарантира сигурен регионален статус на Републиката од секој аспект. Од овој простор традиционално е изградувана воената, политичката и економската стратегија на земјите што историјата и војноводството тоа го потврдија како несоборлив факт. Со единствениот одбранбен систем на земјата можат да се обезбедат современи вооружени сили кои ќе располагаат со најсовремено оружје и воена опрема од сите видови и родови за да можат да им парираат на сличните борбени состави со такви во изобилство располагаат соседите и можните аспиранти на овој простор. Пример, само 3-те наши соседи располагаат со човечки потенцијали од преку 400 илјади добро подготвени војници во мирновремените состојби. А ние со една армија која предлагаме од 20 и 30 илјади можеме да разговараме. А борбените ефективи на класичното оружје се неспоредливи по количина и квалитет, што мора да го респектираме во нашите простори. Со парцијални решенија во одбраната ние не можеме да парираме по бројот на војниците и квалитетот на техниката, бидејќи современата технологија е толку скапа што македонското стопанство тоа не може да го поднесе ако мора за овие потреби да одвои и преку 12% од општествениот производ, а денес одвојуваме некаде 4,6%. Коментар не е потребен.

Ако се прифати опцијата Македонија самостојно да ја организира сопствената одбрана, чувствувам потреба да предочам на овој Парламент дека одбраната на Македонија би била крајно сложена и тешко би ја гарантирала безбедноста и територијалниот

интегритет на Републиката. Имајќи го предвид наспред изнесеното кога се расправа за прашањето на одбраната во идното уредување на Југославија, се залагаме за концептот за одбрана која ќе се заснова на ангажирање на сите респективни, човечки и материјални потенцијали на земјата, за единствени вооружени сили, кои би биле со висок степен на мобилност, материјално технички опремени и со висока борбена готовност оспособени во секоја ситуација да го заштитат суверенитетот и територијалниот интегритет на земјата и нејзините конститутивни делови.

Овој наш став го аргументираме со неколку факти меѓу кои посебно ги потенцирам:

1. Окружувањето на Македонија укажува на тоа дека таа објективно гледано заедно со другите републики може успешно да ја брани и одбрани својата независност и суверенитет. А какво е тоа окружување и какви игри водат нашите соседи на дипломатски, политички, економски а еве и воени договори за соработка, најдобро го има осетено македонскиот народ, а тоа го потврдува и историјата - делбите на Македонија.

2. Воедно- историското минато на југословенските народи од 11-та светска војна наваму упатува на неопходност од заедничко живеење, а со тоа и организирање на единствен одбранбено- заштитен систем.

3. Степенот на развиеноста на сите републики, а посебно на Македонија, не овозможуваат создавање на поединечни сили на одбрана кои ќе бидат способни да одговорат на задачите кој ќе се постават пред нив. Има многу инсистирања за национални армии.

Не ми се јасни мотивите, а и потребите, кога општеството се
гуши со материјални проблеми, а ние даствараме такви војски
во многу националните држави на светот во парламентарното општество кое
200 години оди испред нас, јас немам сретнато во една повеќенационална
држава има и повеќенационални армии.

4. СР Македонија има добра кадровска база за квалитетно
извршување на одбранбените подготовки во интегралниот македонски систем и
никој не ја третира како империорна нација. Во овие
услов^и треба поголемо внимание да се посвети спрема стручните,
креативните и способните кадри кои работат во одбраната, а тоа
треба да биде интерес и на Македонија и на Југославија.

5. Досегашната поставеност на системот на одбраната
на земјата, а во рамките на тоа и ЈНА, се покажа како конзинстентен,
функционален и ефикасен систем, па затоа во барањето за идните решенија
треба да тргнуваме од овој факт. Во рамките на тоа досега ЈНА според Уставот
и законите, успешно го обезбедуваше територијалниот интегритет на земјата
без разлика на политичките, меѓупартиските и другите конфликти во земјата и
другите напади низ овие 45 години притисоци кои ги имавме од некои наши
соседи и пошироко. Меѓутоа, таа застана и против формирањето и
вооружувањето на било какви состави надвор од легитимните вооружени сили,
што не смее да се толкува како кочење на отпочнатите демократски
процеси во Југославија, а некои сили манипулираат.

Во такви услови барањата да се од СР Македонија повлече
војската се симптоматични и загрижувачки, бидејќи се против Уставот и
законите, против Декларацијата и Платформата која овој Парламент ги донесе,
па треба овој Парламент и јавноста да проговорат каде

сето ова ја води нашата земја. Не можеме да разбереме да една татковинска армија во која ние македонските синови сме и војници и старешини, една армија која на сите народи подеднакво им припаѓа, ваков третман да б се дава. Токму на овој .македонски амбиент на кој ЈНА од секогаш била почитувана, од сите граѓани.

Што се однесува до територијалната одбрана само би напомнал дека е резервна војска и дека ги носи сите национални белези во која се комуницира и командува на македонски, а единиците и одредите ги носат имињата на македонските дејци и револуционери од Илинден и НОБ. А оперативно тактички оваа компонента е прилагодена на сегашните потреби.

Почитувани пратеници, во оваа пригода сакам да истакнам дека одбраната на секоја земја претставува државна функција и е во директна надлежност на претседателот на земјата или на извршните органи на власта. Но, тоа незначи дека во градењето на политиката на одбраната не учествуваат и политичките партии. Притоа се имаат изградено правила на однесувања, при што сите партии кои учествуваат во власта неминовно изградуваат меѓупартиски консензус за одбраната, а натаму таа се иззема од дневно- политичките интереси на партиите. Така се обезбедува стабилен и ефикасен одбранбен систем кон кој треба да тежиме и ние.

Затоа, треба да дозволиме да вирее секоја мисла која не води кој прогрес и единство, а енергично да се спротивставиме на они кои ги дискредитираат нашите вредности.

Дозволете ми на крајот да го искажам и следново.

Ако сакаме започнатите позитивни демократски процеси да водат

напред кон прогресот  кон излез од сеопштата криза, кон заедничка иднина без темелни и стручни анализи и потврдени документи не треба да го уриваме она што практиката го потврди како прифатлива вредност.

Неопходно е, почитувани пратеници, да ги почитуваме нашите национални и заеднички традиции и достигнувања во кои има многу повеќе добрини отколку зла. Добро е да се свртиме и кон минатото, но никако не треба да дозволиме да се враќаме на она што не делело, што сеело омраза, недоверба, да се свртиме кон историјата и да кажеме, ниту таа историја почнува, а уште помалку завршува со нас. Затоа, треба да дозволиме во овој Парламент да вирее секоја мисла која не води кон прогрес и единство а енергично да се спротивставиме на сите оние кои ги дескридитираат нашите вредности без да понудат нови и поквалитетни.

Претседателот на ИС овде пред пратениците изјави дека ние подготвуваме една поширока Информација за состојбите, проблемите и мерките во целина во системот на општонародната одбрана на Македонија, со цел одбраната навистина да го задржи она место кое му припаѓа, па тогаш и сите вие драги мои пратеници овде ќе можете посреќно и посигурно и да работите и да живеете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е деловничко право на ИС да не информира за тоа што расправале на седницата вчера што и дадоа јавно соопштение

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

По кој Деловник?

**СТОЈАН АНДОВ:**

По деловникот кој е на  сила.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Ве молам по кој деловник, прочитајте ми го?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе го објасниме тоа, сега би предложил да минеме на точката 2. Мене тоа ми е толкувано од пратениците и јас не сум толкувач на Деловникот. Се разбира, тоа е по стариот деловник кој се уште е на сила.

"Посебните информации и документациони материјали што му се доставуваат на Собранието или се изработени во телата односно во службите на Собранието на делегатите им се доставуваат ...", треба да видиме каде тука се наоѓа ИС. Тука пишува: "за работата на ИС и за работата на републичките органи на управата за пратениците имаат право да бидат информирани по барање на ИС". Тука не пишува дали на сред седница или на крајот. Се мисли надвор од точките.

Молам, ИС оценил дека тоа е актуелно и дека сака да не информира.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Немам забелешка на извештаите, но имам забелешка на работата по Деловникот. На сред седница да се става некое прашање на дневен ред, со тоа мислам дека се узурпира правото на Собранието на Парламентот кој знаеме дека е најголемата власт во нашата држава. А ИС си зема  такви ингеренции дека е над Собранието,

кое се сеќаваме сите овде дека гласавме тие точки денес, затоа
што не имаат доставено материјал да не одат на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не е ова на сред седницата да уфрлуваме
точки на дневен ред, туку само право да изнесат одредени информации и
ништо повеќе. Тоа не се информации за расправа, ИС има
право и делегатите имаат право да го чујат тоа. Ние ако сакавте
можевме да го ставиме и на гласање, дали делегатите ќе му
овозможат на ИС за тоа. Не дојде таков предлог господине Стојков.

Вие не дадовте таков предлог. Не гледав дека некој има забелешка
на тоа.

Молам, дали пратениците го одобруваат тоа што беше овде овозможено
излагањето на претставниците на ИС.

Молам, кој е за нека крене рака.

Кој е против? (2 гласа)

Кој е воздржан? (3 гласа)

Според тоа еве и преку ова минавме во демократска атмосфера и методи кои
се сосема во склад со нашата работа.

Минуваме на точката 2.

Предлог за донесување на закон за системот на финансирање за општите
општествени и на заеднички потреби.

Предлогот за донесување на закон, како и извештаите од ЗПК, Комисијата за
економска политика и развој и од пратеничката група за прашања од областа
на образованието, науката и културата, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на СРМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за системот на финансирање на општите општествени и на заедничките потреби и констатира- дека овој закон треба да се донесе истовремено или по донесувањето на Законот за локалната самоуправа.

2. Собранието на СРМ го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно *со* извештаите на ЗПК и Комисијата за економска политика и развој и на пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата, да се достави до ИС на Собранието на СРМ и до Републичкиот секретаријат за финансии.

Заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Минуваме на точката 3.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Предлогот за донесување на Законот како и извештаите
од ЗПК, Комисијата за економска политика и развој и од Комисијата

за земјоделство и шумарство ви се поделни односно доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на СРМ го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација и констатира дека овој закон треба да се донесе истовремено или по донесувањето на Законот за локалната самоуправа

2. Собранието на СРМ го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на ЗПК, Комисијата за економска политика и развој и на Комисијата за земјоделство и шумарство да се достави до ИС на Собранието на СРМ и до Републичкиот секретаријат за финансии.

Заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на четвртата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните.

Предлогот за донесување на Законот, како и извештаите од Законодавно правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство и од Комисијата за стопанство.
Ви се поделени, односно доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

- Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,
со *ОВОЈ* предлог за донесување закон односно со содржината негова се определуваат зафаќањата во две многу важни области и тоа во земјоделството и малото стопанство. Иако во овие две области немаме изградено национална стратегија од причина - неконституирање на органите, во сите предизборни програми се колневме во развојот на земјоделството и пред се даночната политика и малото стопанство.

Во извештајот на Комисијата за финансирање и буџет се вели дека не се вршат нови зафаќања. Тоа е точно. Стапката од 1,5% се сведува на 2,5%. Но мора да се истакне дека овие зафаќања се вршат на валоризиран катастарски приход со претходни одлуки на Владата кои во однос на 1990 година претставуваат зголемување за 13,5 пати или индекс 1.350.

Во однос на значењето и специфичноста на овие зафаќања, јас морам да укажам овде на една специфичност на преминување од локалната самоуправа на општините на Републиката, што претставува посебна специфичност, бидејќи порано се донесуваа врз основа на меѓуопштински договори , кои беа разгледани меѓу општините и во

конференцијата на општините и градовите на Македонија, а потоа општините врз основа на нив донесуваа свои одлуки во кои одлуки и општински договори се почитуваа специфичностите на секоја општина и постоеја зафаќања од- до.

За да го илустрирам значењето ќе се обидам да дадам еден пример во однос на задолжувањата на едно земјоделско семејство со четири члена, кое поседува еден хектар овошна градина има еден  5 тонски камион, кој служи за сопствени потреби, исто така поседува трактор, приколка од 3 тона и куќа со вишок станбен простор од 100 метри. Притоа се работи за овоштарник прва класа. Даноците и придонесите од земја изнесуваа 31.494 динари. Морам да нагласам дека во ова влегуваат и основицата што е донесена за доброволно пензиско и инвалидско осигурување на земјоделците, за која потоа ќе се навратам и ќе кажам е најголемиот износ во однос на другите зафаќања. Данок на имот на камион за развој на земјоделството изнесува 10 илјади динари, а во споредба со 1990 година има индекс илјада. Тракторот што е најосновно и најпроблематично средство, и во претходните години трактор во функција на земјоделството воведуваме данок на имот. За еден трактор за сопствени потреби оваа година треба да се платат илјада динари, за приколка од 3 тони треба да се плати 1.500 динари или по 500 динари по тон, а додека за куќа односно вишок куќа  според Законот кој треба да дојде а мислам дека тој закон требаше да дојде на дневен ред пред овој закон, бидејќи тој е системски, а овој го разлучува, но за вишок станбен простор од 100 метри квадратни би платил 2.800 динари или индекс 1.867 во споредба со 1990 година кога плаќал 150 динари.

За да добиеме целосна слика, на овие трошоци ќе го додадам и водниот надоместок, кој се пропишува од општината и кој минатата година изенсуваше 4.000 динари - зборувам за Преспа -
а сега изнесува 8.200 или го заокружувам со индекс, 201%. Сите

вкупни зафаќања во овој однос изнесува 54.994 динари. Ако земеме еден хектар овоштарник, кој по сите прописи во нашето земјоделство го даваат сите статистики, се зема од 12 до 15 иљјади килограми, јас го земам 15 иљјади, ќе добиеме цена на чинење од 3,5 до 4 динари по килограм. Морам да истакнам дека овие инпути на производство влегуваат само со 20% односно 20% учествуваат во целокупната цена и да не ги набројувам.

Јас морам уште малку накратко да ви го задржам вниманието за да не дојде до забуни. Републичкиот данок, кој се воведува со овој предлог, изнесува 2,5% и 412 динари, а додека другите стапки- тука сме и во однос на општествените дејности во претходните, бидејќи се наоѓаме во еден расчекор, од една страна, финансирање на општествените дејности кои незадоволуваат од страна, а од друга страна зафаќања од личните доходи на работниците. Во однос на придонес за здравствено осигурување по просечна стапка од 15%, која е во општината, а во Републиката просечната стапка е 20%, изнесува 2.470 динари на катастарскиот приход, а имаме и придонес за здравствено осигурување во паушален износ по член, за секој член по 300 динари, што значи дека едно четиричлено земјоделско семејство со еден хектар овоштарник треба да даде 3.672 динари за целосно здравствено осигурување. Најголемата стапка и најголемиот проблем е во проблемот за придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, кои се воведени по стапка од 17%, но не на катастарскиот приход. Тоа е тука тој спор и проценките покажуваат дека не на хектар, туку на 70 ари земјоделец треба да плати 24.480 динари за пензиско и инвалидско осигурување. Тука морам да истакнам за име на вистината дека пензиското и инвалидското осигурување во однос на работничкото осигурување во февруари 1992 година се изедначува и земјоделците ќе примаат пензија по оние стапки кои важат за работниците. Не сакам

да вршам коментар што би значело, овие зафаќања бидејќи ги анализирам во Преспа како специфично овоштарско подрачје со јаболка, со свои 3 илјади хектари под свои овоштарници, што претставува најголемо и најкомпактно јаболково производно подрачје во Југославија во индивидуалниот сектор.

И сега да кажам дека придонесувањето и изработката на Предлогот на законот треба да се почитуваат овие специфичности, пред се треба да има аналитички проценки, бидејќи во овој закон пред се е битноста на преминување и специфичностите што произлегуваат од тоа од локалната самоуправа бидејќи се конституираат. Морам да го^повторам она што е основното во однос на данокот на имот. Додека во Предлогот на законот данокот на имот за подвижните предмети, пред се истакнав за товарните и приклучните моторни возила по тон носивост изнесува 2.000 динари, а во 1990 година изнесуваше 200 динари или индекс 1000 не е многу распространето, но еден камион кој служи за сопствени потреби да се плаќа данок на имот, уште еднаш потенцирам во однос на тракторите кои се во функција на езмјоделството и кои оваа Македонија можат да ја извадат стратешки во однос на сите со таа стратегија што ќе ја изградиме во однос на земјоделството. Треба да размислиме дали треба да има ваков данок на имот, а само во општината Ресен во проценките има : 1.500 трактори.

Уште едно прашање, во идните проценки во однос на изработување на Предлогот на законот има одредена нелогичност и мислам дека според одлуката во Ресен данокот на имотот на викендици расте некаде со индекс од 300, за разлика од данокот на куќите и другите станбени објекти. Мислам дека во специфичностите на општини-те кои беа во одлуките не може да има данок на имот на недвижност да се плаќа исто во Скопје, да се плаќаат во центарот на Ресен и некаде во ридско- планинско село. Тука треба да има специфичности во однос на данокот на имот на недвижности, што го викаме куќи.

Мислам дека овие забелешки аналитички ќе се согледаат при изработувањето на Предлогот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам една забелешка во однос на членот 3, каде што се говори за стапките за данокот од личен
доход за вршење на земјоделска дејност каде за земјоделците стапката е 2,5%, а истата таа стапка на данок од личен доход за вршење
на земјоделска дејност за не земјоделците е 50%. Сметам дека стап-
ката на данокот од личен доход за вршење на земјоделска дејност треба да биде иста како и за земјоделците, од проста причина што

во одреден период во нашата Република со сила се создаваше работничка класа, па ги бркавме Македонците од нивната земја. Сметам дека
оваа стапка е токму продолжување на истата политика и ние мора да се заложиме Македонецот да биде врза за земјата, за да не се случува
други не македонски елементи да ја купуваат истата.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ние во Комисијата за земјоделство исто така расправавме по ова прашање, меѓутоа од стручните служби односно од претставниците на Републичкиот секретаријат за финансии ни беше дадено образложение дека кога станува збор за катастарскиот приход односно доход, станува збор за зголемување во однос на 1988 година. Колегата тука истакна 1990 година. Според тоа, ако се работи за 1988 година, по наше мислење, зголемувањата не се големи, визави девалвацијата, но ако се работи за 1990 година, ние тогаш како комисија сме доведени во заблуда, па затоа молам тука да се даде објаснување дали така или вака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Дали е потребно сега да дадете објаснување или тоа ќе го разјасните во работата на Предлогот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на некои од овие прашања во работата на одборите е дадено толкување во однос на основите, критериумите и начинот на утврдувањето на даночните основици и на даночните стапки. Со оглед на тоа што ова е предлог за донесување закон, најголемиот дел од прашањата ги прифаќаме и низ извештаите и низ оваа расправа овде за доистражување до утврдување на предлогот, како што стои во извештаите.

Во однос на конкретното прашање не се работи за утврдување на цени и даноци во однос на 19 90 година, како што е овде кажано од пратеникот од Ресен, туку се работи за основици кои се утврдени врз цените во 1989 година, бидејќи при утврдува&ето на катастарскиот приход, кој се утврдува со посебна одлука на Собранието, се утврдуваат катастарските вредности за изминатата година. Пред извесно време ние ја утврдивме одлуката за 1990 година и таа сега е во постапка за утврдување на авансите. Меѓутоа, на крајот на 1991 година, кога ќе се завршат аконтативните пресметувања и ќе се поднесат пресметките во текот на годината, се врши по дефинитивните цени што се утврдени со овие одлуки. Затоа, изјавата дадена на Комисијата дека не се однесува на основица 1990 година ја потврдуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на СРМ го усвојува предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните и констатира дека со решенијата,што се предлагаат се врши интеграција на стапките и даноците, како и на придонесите кои согласно најновите амандмани на Уставот на СРМ би се обезбедиле во Републичкиот буџет единствени стапки на данокот заради изменетата уставна положба на општината.

2. Собранието на СРМ го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието на СРМ да му достави предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и во оваа расправа.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на Законодавно- правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство и на Комисијата за стопанство да се достави до Извршниот совет на Собранието на СРМ и до Републичкиот секретаријат за финансии.

Заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој не се воздржува).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Преминуваме на петтата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните.

Предлогот за донесување на законот, како и извештаите од Законодавно-правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет и од Комисијата за земјоделство и шумарство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на СРМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за -даноците на граѓаните и констатира дека со овој закон надлежностите на општината во поглед на воведување на даноци, такси и други давачки, утврдувањето на нивната висина и располагањето со остварените приходи во целина преминуваат во надлежност на Републиката заради изменетата уставна положба на општината.

2. Собранието на СРМ го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието на СРМ да му достави предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на Законодавно- правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за земјоделство и шумарство, да се достави до Извршниот совет на Собранието на СРМ и до Републичкиот секретаријат за финансии.

Заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој не се воздржува).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Преминуваме на шестата точка - Предлог за донесување на закон аз изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон Ви е доставен, а извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и на Законодавно-правната комисија ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој не се воздржува).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи  никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница
да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот
претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на членот 6.

Бидејќи претставникот на Извршниот совет се согласил
со поднесениот амандман, според Деловникот, истиот станува составен
дел на текстот на Предлогот на закон.

Исто така, Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на членовите:
6, 12 и 15 и на тарифните броеви 3, 4, 9, 10и 11.

Со поднесените амандмани се согласил претставникот
на Извршниот совет и стануваат составен дел на текстот, освен амандманот 6
за внесување на став 1. -

Отворам претрес по амандманот на членот 6 за внесување на став 1.
Молам, кој бара збор?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Во врска со предложениот амандман во меѓувреме со пратеникот Гештаковски
ја проанализиравме содржината на предложениот амандман и во согласност со
овластувањето од Извршниот совет,

предлагаме да се прифати амандманот во нешто изменета содржина кој би се дефинирал на следниот начин: Во" Членот 7 во ставот 1 во точка 6 се додава нова точка 7 која гласи:

"7. Истакнување на фирма односно назив на деловна просторија на граѓани кои самостојно вршат стопанска и професионална дејност во селски населби на ридско- планинските подрачја во висина од 50% од предвидената такса".

Ставот 2 се заменува со два нови става и останува текстот како што е во членот 7.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова вие објаснувате што прифаќате, што би прифатиле ако  се модифицира амандманот?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Го модифициравме заедно со пратеникот Гештаковски и предлагаме формулацијата на амандманот на Законодавно- правната комисија да се формулира во оваа смисла како што предложив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали претставникот на Законодавно- правната комисија го прифаќа ова модифицирање? (Го прифаќа).

Ако се прифаќа станува составен дел на предлогот на Извршниот совет.

Молам, дали некој бара збор, за останатиот текст на Законот и за овој амандман?(не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали некој има против?(нема). Дали некој се воздржува од гласање?(никој). Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални такси, заедно со амандманот на споменатите членови на текстот на Предлогот на законот.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон Ви е доставен, а извештаите од Комисијата за финансирање и буџет и од Законодавно-правната комисија Ви се поделени или доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот -и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Кој е за, молам, да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали некој има против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој). Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на членовите 2,6,10,15 и 16.

Бидејќи претставникот на Извршниот совет се согласил со поднесените амандмани, според Деловникот истите стануваат составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој).

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси, заедно со амандманите на споменатите членови на текстот на Предлогот на законот.

По повод донесувањето на овој закон, предлагам Собранието да го донесе и следниот заклучок:

1. Се задолжува Законодавно- правната комисија на Собранието на СРМ врз основа на член 238 алинеа 8 од Деловникот на Собранието на СРМ да изготви и на Собранието да му достави пречистен текст на Законот за административните такси.

2. Овој заклучок да се достави до Законодавно- правната комисија на Собранието на СРМ.

Работниот заклучок го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој).

Констатирам дека Работниот заклучок е усвоен.

Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патиштата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон Ви е доставен, а извештаите од Комисијата за градежништвото и урбанизам и од Законодавно-правната комисија, Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патишта.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да
се претресе и предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница
да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница
да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот
претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на членовите 2 и 7. Бидејќи претставникот на Извршниот совет се согласил со поднесените амандмани, истите стануваат составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и по текстот на Предлог на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака) .

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Според овие резултати од гласањето , констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за патишта.

Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежната инспекција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон Ви е доставен, а извештаите од Комисијата за градежништво и урбанизам 1 И од Законодавно - правната комисија, Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежната инспекција.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака.? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Законодавно -правната комисија поднесе амандман на членот 6.

Бидејќи претставникот на Извршниот совет се согласил
со поднесениот амандман/ истиот станува составен дел на текстот
на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за градежната инспекција.

Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за станбени односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон Ви е доставен, а извештаите од Комисијата за градежништво и урбанизам и од Законодавно-правната комисија Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на
закон за изменување и дополнување на Законот за станбени односи.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот за истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе Амандман на член 4.

Исто така, Законодавно -правната комисија поднесе амандмани на членовите 3,4,8 и 17.

Бидејќи со поднесените амандмани се согласил претставникот на Извршниот совет, според Деловникот истите стануваат составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за станбени односи.

Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон Ви е доставен, а Извештаите од Комисијата за градежништво и урбанизам и од Законодавно-правната комисија Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница
да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандмани на членовите 4,7 и 8.

Исто така, Законодавно -правната комисија поднесе амандмани на членовите 11 и 13.

Бидејќи претставникот на Извршниот совет се согласил со поднесени амандмани, според Деловникот истите стануваат составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање).

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти, заедно со амандманите на споменатите членови на текстот на Предлогот на законот.

Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните судови, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон Ви е доставен, а извештаите од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и од Законодавно- правната комисија Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Имам едно конкретно прашање до предлагачот на Законот за редовните судови, а тоа гласи:"Каков ќе биде статусот и на колку време ќе се избираат претседателите на редовните судови и уште едно од што е тргнато и зошто се прави разлика помеѓу претседателите на редовните судови и претседателите на судовите за прекршоци и јавните обвинители , односно зошто кај едните се ограничува мандатот а кај другите не?

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не).

Го молам претставникот на Извршниот совет да одговори
на прашањето

**МИХАЈЛО МАНЕВСКИ:**

Почитуван претседател на Собранието, почитувани
пратеници, одговорот на прашањето е следниот.

Имено со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните судови се врши усогласување,согласно со уставните амандмани кои што се однесуваат од оваа област а имено од текстот на Законот за редовните судови се бришат , таму каде што се содржани во одредбите морално- политички и други квалитети и способности, како е наведено во законите, се обезбедува финансирање и на општинските судови од Републичкиот буџет и изборот на судиите и на општинските судови и на сите судии се обезбедува од Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Одредбите од Законот кои што се однесуваат на судиите согласно Закнот за редовните судови се однесуваат и на претседателите на судовите. Тука нема никаква разлика, а мислам дека во однос на судовите за прекршоци за јавните правобранителства, решенијата се исти како и во Законот за редовните судови. И тие се именуваат и избираат како и замениците на јавните обвинители , претседателите на судовите за прекршоци исто така како и судиите во судовите за прекршоци.

Сакам да ве известам дека веќе имаме комплетни текстови на целосна измена и дополнување на овие три закони кои што можат да бидат ставени во процедурата, а треба да бидат ставени заради потемелно усогласување, а овие измени се само неопходни само заради тоа да може да се усогласат во овој дел законите со уставните амандмани, да може да се врши избор на судии, затоа што избор веќе не е вршен, судии, јавни обвинители, изборот не е вршен на овие веќе подолго време, односно од октомври па до сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните судови.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој):

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнуваше на Законот за редовните судови.

**СТОЈАН АНДОВ:(**продолжение)

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за нека крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен и Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на закон?

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара зор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за редовните судови.

Минуваме на 13-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон ви е доставен, а извештаите од Комисијата за внатрешна политика

и општонародна одбран и од Законодавно -правната комисија ви се поделени, односно доставени.

Отворам претрес по донесувањето на закон.

Молам,кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за Јавното обвинителство.

Кој е за нека крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? /нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес на истата седница да се претресе и

Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? /Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го закучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на ова седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за нека крене рака? благодарам

Дали има некој против? (никој)

Дали некој со воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандман на членот 3.

Бидејќи претставникот на Извршниот совет се согласил со поднесениот амандман истиот станува составен дел на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство.

Минуваме на 14-та точка Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите за прекршоци, со Предлог на закон. -

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон ви е доставен, а извештаите од Комисијата за внатрешна политика и од Законодавно -правната комисија ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот- за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите за прекршоци.

Кој е за нека крене рака? (никој)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? /Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? благодарам

Дали има некој против? /нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара зор? никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам  кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот и Предлогот н а закон го ставам на гласање.

Кој е за нека крене рака?- благодарам.

Дали некој има против? никој

Дали некој се воздружува? /никој)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за дудовите за прекршоци.

Минуваме на 15-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насочено образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон ви е доставен, а извештаите од пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата и до Законодавно -правната комисија, ви се поделени, односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, претставници на Извршниот совет и пратеници, сакам да го замолам Претседателството и сите Вас,-да ми дозволите еден краток тајмаут од 10-тина минути поради неопходни консултации за да бидеме поконструктивни во текот на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од /15 минути)

(Паузата траеше од 15 до 15,25 минути)

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа Молам, кој бара збор?

**ЕШРЕФ АЛИЈУ:**

Дами и господа, почитувано Претседателство,.

Во врска со точката која е најавена во дневниот ред, должен сум во името на пратеничката група на ПДП со Коалиција со пратениците на НДП да се обратам со неколку зборови преку кои ќе го соопштам и ставот што оваа група е должна да го презентира поради тоа што јавно баравме да ни се овозможи консултација.

Ние цврсто сме убедени дека тука не се во прашање само законите као закони или поради закони. Бидејќи крајно сме свесни дека законите се цивилизациска потреба на секое модерно општество, па се разбира и на современата суверена Македонија. Но исто така сме за тоа во оваа Македонија, во оваа сосема суверена држава да се остварат услови за стварно современи закони кои без друго подразбираат, ги подразбираат законите да се одраз на голем степен на демократијата, да се одраз на желбата на сите граѓани на Македонија. Дотука сите сме во ист строј. Но, очигледно е јасно дека во СРМ годни наназад присутни се појави и тенденции на враќање наназад на правата на извесен или дел на граѓаните и на припадниците на народностите и етничките групи. т.е. појава на една регресија која/не води кон продлабочување на понатамошната рамноправност на сите граѓани, на сите народи, народности и етнички групи кои живеат во Републиката.

Заправо присутна е појава која ја добива и поддршката на извесни кругови на Владата и со тоа и преку Влада и институции таа појава ја добива и својата крајна форма во закони па и во самиот Устав. Се работи за следното: Во .СРМ организирано се настојува да се создаде јавно мнение за статусот на не македонското населени. Се настојува правата да се сведат во рамки на национални малцинства сметајќи дека тој пат божем е подобар за Македонија и за нејзината иднина. Ние пратениците на ПДП и коалицијата со пратениците на НДП така не мислиме. Очигледно е јасно дека така не мисли членството на партијата за Демократски просперитет и токму за тоа пратениците без резервно го дадоа својот скромен допринос  за Декларацијата за сувереноста на Македонија, сметајќи се со право и радувајќи) се подеднакво на тој вечен чин. Ние тоа го сторивме за да не ни се рече утредента дека во воаа суверена Македонија ние само заради тоа што не му припаѓаме на македонскиот национален колективитет да имаме помалку права значи сето тоа во иднина нашите права ќе бидат уште поограничени. Зарем, се прашуваме смее ли Македонија тоа да го дозволи?  Се разликуваме до недозволени граници кои сосема јасно попримаат и национална обоеност или обележје. Вака ние сме свесни дека Македонија не може во Европа. Македонија суверена само со македонскиот народ и со регресивни мерки кон стеснување на здобиените права  на другите од ослободување па наваму мислам дека ќе се оддалечи од Европа  најмалку од еден век.

Ние сите овој Парламент не го подразбираме за арена во која ние ќе ги пројавиме  нашите емоции, ќе се караме меѓу себе или ќе се построиме во два или во три реда, туку Парламентот го мислевме и во тоа сме убедени дека треба со заеднички сили да допринесеме оваа наша Македонија  со сите проблеми кои ја

обременуваат и ја отежнуваат тие економски политички да вложиме конкретни напори да биде постабилна со сите заедно да ја гради иднината и да биде пример за многу други, во земјата, во странство и пошироко. Со право можам да заклучам ако бидеме разбрани како што треба ние сите заедно и на дело тој наш допринос ќе биде евидентиран. Сметам дека од тој допринос веќе е евидентиран и со заеднички залагања и заеднички поглед и со заедничка акција ке ја градиме или ќе дадеме претпоставка и база за посреќна и поправедна иднина за сите.

Во сегашниот миг, групата смета вака како што се напнати тензиите дека е поправедно воопшто да не учествува во расправата по овие два документа.

**ПАУНОВ:**

Почитувани претседателе, почитувани пратеници,

Јас наоѓам место дека треба измена и дополнување на Законот за насоченото образование и ја поддржувам таквата потреба и треба да се донесе, меѓутоа имам забелешка на текстот на Законот што мислам дека е веќе време и потребно во сегашните услови во стопанисувањето кога сме толку сиромашни, кога имаме толкава армија невработена и треба да изнајдеме место да таа невработена армија која не завршила средно и високо образование, а без работа се и денеска треба да појдеме од основа, од образованието. По завршувањето на основното образование на учениците мислам дека треба а и време е да одиме на специјализирани училишта односно да ги кажеме вечерните училишта кои постоеја порано за ученици во стопанството да после осмолетката бидат на работа во трговијата како трговски помошници, во земјоделието, лозарството, во индустријата , во занаетчиството. Занаетчиството веќе изумира, го немаме таквото занаетчиство за потребите на граѓаните. Тие занати се учат од малите години од 14 до 18 години и потоа не би можеле да ги научат како тоа и во Електростопанство каде што се премостува електриката од една планина на друга....

**ПАУНОВ:** (Продолжение)

Ние такви работници немаме. Мислам во овој закон да се најде место за ученици во стопанството, тие да бидат,осигурени, да имаат некоја награда за својата работа и да бидат оспособени. Не треба ученици да има од факултетите во Заедницата за вработување Мора веќе да го прилагодиме и образованието на пазарното стопанство.
Пазарното стопанство не признава граници нема, туку квалитет и квантитет. Мислам во законот да се најде место за ученици во стопанството кој ќе бидат стручно, психички и физички подготвени, за тие занаети, за тие работи.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, немав намера да земам збор по ова прашање, меѓутоа, дискусијата на колегата од ПДП ме натера да излезам. Јас сум пратеник, претседател на партија, се спомна овде етнички групи. Имам да кажам една вистина која неизбежно постои. Етничките групи уште од 1963 и 1974 година беа со некого изедначени, со одредени светски права итн. Ние до сега немавме реализација на тие права. Ова денеска што го имаме, плурализмот итн., ни се отворија вратите. Ние оствaривме своја партија. Ние сме во преговор со Комитетот за образование за одвивање настава на ромски јазик, бидејќи многу деца не го познаваат македонскиот јазик, наставниот јазик ќе биде македонски, да може појасно да им биде што учат. Според тоа, не би рекол дека сме онеправдени во ова време, се разбира економската криза е за сите и за ромскиот народ, што е тоа е. Меѓутоа, сум,во врска со законот што се предлага за основно образование и насочено образование

да се дојде до поголемо разбирање кај сите~на демократски начин со дијалог, да им објасниме на масата на народ што се случува денеска со Македонија. Таа е суверена држава, во исто време таа е држава на сите граѓани, на албанците, на турците, власите, ромите итн. Верувам дека пред се, човечки ќе се разбереме. Јас им благодарам на сите пратеници во ова Собрание.

На еден собир во Гостивар, при формирањето на партијата еден кажа дека ние сме робови, куќни помошнички, кажав дека робови не можат да имаат своја партија. Верувам дека ќе имаме разбирање.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сигурно наједноставно и најпаметно е со самото  гласање мирно да се дојде до тоа што е желба и расположение, меѓутоа, тука се кажаа многу тешки обвинувања и ќе остане непријатниот впечаток дека тоа што се кажуваше можеби имаше за себе некоја вистина. За да не биде тоа така, затоа и се јавив. Сметам дека она што го кажав да се одеше директно на гласање, можеби е најпрактично.

Најпрво би сакал да истакнам дека фактот што како партија ВМРО и јас како поединец често и бескомпромисно реагираме за појавите кои ги нарушуваат  и усложнуваат односите со албанското малцинство во Републиката, особено во Западна Македонија и кои го загрозуваат интегритетот и суверенитетот на македонската држава, не значи дека ние како партија немаме слух за она што се случува во Европа денес, а пред се на нејзиниот однос кон човечките права и правата на националните малцинства. Ние сакаме да дејствуваме како модерна демократска партија со европска ориентација, свесни дека

иднината на македонскиот народ, неговото духовно обединуван>е, единствено може да се реализира во рамките... (џагор).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не ја промснивме темата?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Џагор може да има, но јас можам да си дозволам како пратеник една страница да прочитам. Ве молам интервенцијата да се прифати како неумесна. Во истата таа цивилизирана Европа во општествата кои функционираат како правна држава,енергично и без компромисно со средствата на таа правна држава се реагира и на најекстремни дејствија кои го нарушуваат поредокот и го загрозуваат интегритетот на тие држави. Заради тоа, мојата партија ниту за момент нема да отстапи од борбата против сите појави кои ги има во нашата република, особено предизвикувани од страна на албанските националисти и сепаратисти, кои се насочени против суверенитетот на македонската држава и на македонскиот народ. Ве уверувам дека во таква документација *ќе* бидеме до крај без компромисни и упорни. Во интерес на сите е еднаш за секогаш да ги утврдиме правилата на играта, за да го избегнеме постојаното создавање на жаришта кои ја дестабилизираат Македонија. Заради тоа, мислам дека би било добро, да ги преиспитаме правата на малцинствата, согласно меѓународните конвенции, за да го одбегнеме постојаното намерно и тенденциозно покренување и подгрејување на одделни прашања што само ја вжештуваат атмосферата. Областа на образованието и воспитанието е една од најсложените. Овде го имаме практично најизразениот обид, кој веќе и не е обид, туку претставува практична

реализација на планираните цели кои поаѓаат од позициите на велико-албанскиот шовинизам и сепаратизам кои директно се насочени против македонскиот национален и територијален интегритет.

Ако ги погледнеме документите кои меѓународно прифатени го регулираат правото на малцинството за образование, не побитно ќе се увериме дека и во демократските земји кои често ги цитираме кога зборуваме за демократијата, а кои се со многу подобри материјални можности, правата кои им се предвидуваат, односно малцинствата ги остваруваат во најголем дел во рамки на дополнителна настава ко^а ја финансираат родителите, потоа присутна е и формата со изучување на мајчиниот јазик, со одреден број часови во склоп на интегралната настава на службениот јазик и на крај со помала застапеност е дадена можност за образование на мајчин јазик до четврто одделение. Нема причина да отстапуваме од овие рамки, бидејќи инсистирањето на албанското малцинство за образование во повисоките степени на албански јазик ја открива цврстата определеност на припадниците на ова малцинство да не се интегрираат во заедничкиот живот со македонскиот народ, односно повеќе од јасно е дека само ако се дозволи тоа,што е неоправдано, а за жал до сега и тоа го остварувале, тоа ќе претставува најголем генератор на албанскиот -национализам и сепаратизам и шовинизам, а ние самите ќе ја дозволиме можноста во македонските образовни институции да создаваме непријатели на македонската држава и македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви се молам да се држиме за темето на дневниот ред овде.
Сфатив дека господин Голубовски, покрај сите други тешки зборови што ги по своја оцена, тој не е против да се усвои овој предлог за донесување на овој закон.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство. Навистина не е место да се врши промоција на програми на одредени партии, но во името на пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ, предлагам да се усвои овој закон и да преминеме на гласање.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Во општата дебата, беа три квалификации дадени за Извршниот совет кои не можам да ги прифатам, со полн респект кон тежението да се води демократска респектибилна расправа, меѓутоа не можам да прифатам дека во изминатите 2-3 години донесувани се уставни и други законски решенија кои имаат регресивен карактер, бидејќи одредените уставни и законски промени се вадат од контексот на промените што се одвиваат во државно - правна смисла во Југославија.

Се заборава дека Уставот од 1974 година беше устав кој не признаваше држави, познаваше општествено -политички заедници, познаваше демократски заедници, тоа беше една идеалистичка замена за едно општество во кое луѓето ќе се препознаваат само по своите права и обврски без национален и друг интегритет. Токму тој концепт ја доведе и заради другите работи во криза прво Федерацијата како концепт, а ги предизвика и бројните проблеми во заедничкото живеење во Македонија. Според тоа, промените што се вршени во изминатите години, биле секогаш насочени да се воспостави национална македонска држава, со сите сегменти и структури што ја чинат една држава и во тие рамки да се преиначат и статусот и положбата на сите нејзини граѓани и по национална и по народносна припадност Во таа смисла се извршени промените во 1988 година и се вршеа

минатата година, а сега расправаме и конечно донесовме декларација за конечно обликување на македонската држава како суверена држава која ќе го одбере начинот на заедничкото живеење со другите држави, со некој облик на заедничко живеење во моментот со другите југо -словенски народи. Ако е тоа така, а тоа до сега никој не го повргна дека е така, и кој е дел од програмата на сите партии, јас навистина не можам да прифатам од Извршниот совет овие закони да се третираат вон постојните уставни промени кои се насочени кон ова тело. Дали тие решенија целосно ги респектираат и оптимализираат правата уставни тоа е прашање кое може да биде отворено за расправа, набрзо ќе се донесува нов устав и тие прашања можат да бидат предмет на поинакво оптирање. Во овој момент законите никому да ограничат право, туку да го доведат нормативниот поредок на Републиката, со постојниот важечки уставен поредок.

Второ, не се законите дел на извесни групи, или кругови во Владата, сите овие закони се предложени едногласно од сите членови на Извршниот совет. И трето, мислиме дека демократската расправа претпоставува спротивставување на поинакви гледања, поинакви објаснувања, а не квалификации и дисквалификации. Во таа смисла ве молам согласно амандманите што се изјасни Извршниот совет да бидат прифатени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок. Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот на насочено образование.

Молам, кој е за, молам да крене рака.

.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има против? (21)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен сите се За освен 21 глас против

Отворам претрес по предлогот на истата седница да се претресе и предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес, по текстот на предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на членовите 20 и 22.

Бидејќи претставникот на Извршниот совет се согласил со поднесените амандмани според деловникот истите стануваат составен дел на текстот на предлогот на законот.

Ве известувам дека група пратеници на Партијата за демократски просперитет поднесе амандман на членот 4.

Овој амандман го разгледаа пратеничката група за прашања
од обласна на образованието, науката и културата и законодавно-
правната комисија и не го поддржаа.

Исто така и претставникот на Извршниот совет не го прифати овој амандман.

Амандманот ви е поделен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од група пратеници на Партијата за демократски просперитет.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот амандманот на членот 4.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Дали има против амандманот 75.

Дали има воздржани од гласање? (нема).

Констатирам дека против амандманот гласале 75 пратеници, а другите не гласале или се против или воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот
на членот 4 поднесен од групата пратеници од партијата за демократски просперитет.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Констатирам дека гласале 84 пратеници за.

Молам, дали некој гласа против? (не).-

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според резултатите од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за насоченото образование.

Минуваме на 16-та точка од дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон Ви е доставен, а извештаите од пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата и од Законодавно -правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование.

Кој е за, молам да крене рака? (74)

Дали има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (75)

Дали некој има против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот

**РИСТО СТАНКОВСКИ** (СКМ - ПДП)

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Во врска со овој закон би сакал да дадам еден амандман го немам во писмена форма, па се надевам дека ќе ме извините, тоа ќе биде усно и тоа во врска со изучувањето на странските јазици во основното и средното образование.

Мислам дека е недозволено во услови кога се залагаме за пазарна економија, во услови кога ја бараме Европа и европски однос, да дозволиме да биде се уште на снага некакви општествени соговори за еднакво изучување на сите странски јазици.

Предлагам од учебната 1991 - 1992 година во сите основни училишта од 5 одделение да се започне исклучиво со изучување на англискиот јазик, тој да биде единствен странски јазик, а другите јазици би можеле да се изучуваат, меѓутоа, факултативно.

Не знам дали е потребно поголемо образложение за ова, меѓутоа, во услови кој сега владеат во светот би било излишно да кажам дека секој стручњак кој не знае англиски е практично полустручњак. Јас работам во областа на компјутерската техника и тоа е еден процес кој влезе во сите сегменти на животот и таму е сета литература, се она што треба да се знае е на англиски јазик. Имаме големи проблеми од непознавање на англискиот јазик, кај луѓето, а зборуваме за некоја компјутеризација, воведување на информатика насекаде во сите системи итн.
Би можел да се елаборира овој амандман можеби два- три часа, меѓутоа, ценам дека сите се залагате за ова, пред се, тоа е потреба на идните наши стручњаци. Не заради тоа што децата сакаат англиски, не заради тоа што родителите бараат англиски, не заради тоа што ќе имаме гужви, фактички ги имаме секоја година во V одделение при уписот. Не заради тоа, туку повеќе заради децата, бидејќи сакаме да изградиме генерации кои ќе бидат подготвени утре да се вклопат во ова.

Би имал толку, а се надевам дека ова ќе биде прифатено и би сакал да се гласа во врска со овој амандман.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ**

Ве молам од формални причини амандманот не можам да го ставам на гласање затоа што амандман во оваа фаза на постапката мора да биде доставен во писмена форма, мора да има образложение и мора да има мислење на надлежните работни тела, како што е Комисијата за буџет, дали создава дополнителни трошоци, дали има билансни можности тие трошоци да се покријат итн.

Нека во наредните натамошни измени на овој закон се
води сметка за вакви амандмани. Сега, се извинувам, деловнички е
невозможно ова да го ставам на гласање.

Дали некој друг бара збор?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**: (ВМРО - ДПМНЕ)

Почитуван претседателе , почитувани пратеници,
Јас ова писмено го дадов, пред три недели, па се на-
девам дека ќе може.

Соопштено ми е од пратеничката група за образование,
наука и култура, предлог на мојот амандман да е содржан во законот за
образование, за предучилишно и основно образование и воспитание, па затоа
на мојот предлог амандман би додал уште нешто едно мое дополнување.

Во врска со поднесениот амандман на предлог законот за изменување и
дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и
образование од моја страна, кој веќе ви е доставен, сакам причините поради
кои го предлагам да ги дополнам и со следното:

Со амандманот всушност се предлага укинување на основно училиште од
страна на Собранието на СРМ, кога тоа училиште
педагошката евиденција и документација не ја води на Македонски
јазик, кога учениците не ја посетуваат наставата од причина што
предметниот наставник не го владее Јазикот на КОЈ се изведува нас-
тавата и кога учениците одбиваат да ги примат ученичките книшки
и свидетелства, поради тоа што се напишани на македонски јазик.
Во образложението на амандманот е речено дека сите тие појави се присутни
на подрачјето на општина Тетово и заради нивно елиминирање се предлага
воведување на мерката укинување на училиштето

каде се присутни тие противуставни појави.

Сите досега  преземени мерки од страна на надлежните органи во рамките на Уставот и законите за отстранување на наведените негативни појави, не даваат никакви резултати, но напротив тие дури се шират. По примерот на ОУ "Јета е ре" с. Шипковица, тргна и ОУ "19 Ноември" с. Селце, кое педагошката евиденција и документација започна да ја води само на албански јазик.

Да ве потсетам нешто, значи оваа педагошка евиденција и документација на албански јазик започнува да се води уште од 24 август минатата година.

Против основното училиште "Јета е ре" од с. Шипковица, заради водењето на педагошка евиденција и документација на албански јазик, од Општинскиот суд за прекршоци - Тетово, правосилно е изречена прекршочна парична казна од 15 иљади динари, а против директорот 1.500 динари. Од иста причина, против ова училиште и неговиот директор се водат уште 4 прекршочни постапки пред Општинскиот суд во Тетово кои се во тек. Исто така, прекршочна постапка се води и против 10  наставника од ОУ "Јета е ре" од село Шипковица, кои се казнети со по 20 иљади динари парична казна од Општинскиот суд за прекршоци Тетово. Против директорот на ова училиште се води и кривична постапка пред Општинскиот суд Тетово каде за 19 март 1991 година е закажан главен претрес. Донесено е извршно решение од просветниот инспектор на општина Тетово со кое е наложено на ова училиште педагошката евиденција и документација да ја води согласно Законот на македонски јазик. На крајот донесена е и одлука на Уставниот суд на Македонија  ("Службен весник на СРМ број 5/91), според која педагошката евиденција и документација мора да се води на македонски јазик.

По сите така исцрпно преземени мерки и одлуки на највисоките органи не се постапува од училиштето, но педагошкат евиденција и документација се води на албански јазик што значи се настојува за воспоставување на паралелен воспитно -образовен систем со девалвирање на уставната положба на македонскиот јазик. Од овие причини со амандманот се предлага укинување на таквите училишта при што тие ќе престанат како правни лица на работниците ќе им престане работниот однос, а школувањето на учениците, понатаму ќе го обезбеди општинската заедница за сновно образование, согласно законот.

Заради неводење на педагошка евиденција и документација на македонски јазик, прекршочната постапка пред општинскиот суд Тетово се води и против основните училишта во селата Селце и Гајре.

Во основното училиште "Даме Груев" с. Шемшово, 107 ученика од албанска народност од 7 и 8 одделение цело прво полугодие и денес не *Ја* посетуваат наставата по англиски јазик од причини што предметот го предава наставник KOJ не го владее албанскиот јазик. Исто така во ова училиште 390 ученика од албанска народност од 5 до 8 одделение не ја посетуваат цело полугодие и денес наставата по музичко воспитание од истата причина. Со законот е предвидена можноста одделни предмети да ги предаваат и наставници кои не го владеат Јазикот на кој се изведува наставата што значи постапувањето на овие ученици е противзаконито, за кое однесување на учениците секако има придонесено и училиштето.

Со завршувањето на првото полугодие од оваа учебна година ученичките книшки не се примени од учениците од албанската народност во ОУ "Маршал Тито " - Тетово, "Прпарими" с. Мала Речица

"Христо Антовски" с. Требош и "Даме Груев"_ и "Даме Груев" с. Шемшово од причина што се напишани на македонски јазик. Околу половината од учениците од албанска народност од иста причина не ги зеле ученичките книшки и во основните училишта "Маршал Тито" с. Пирок, "Влазрими" с. Доброште, "Сабедин Бајрами" с. Камењане, "Александар Здравковски" с. Слатино и "Лирија" с. Порој.

Бојкотирањето на наставата по предметите што ги предаваат наставници кои не го владеат албанскиот јазик и одбивањето на земање на ученичките книшки поради тоа што се напишани на македонски јазик се врши поради исти цели како и водење на педагошката евиденција и документација на албански јазик, па затоа со амандманот се предлага укинување и на тие училишта, што Собранието на СРМ би го ценело за секој конкретен случај, со оглед на неговата тежина и опасност по белезите на СРМ како суверена држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот за амандманите на господин Ковачевски.

Пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата поднесе амандмани на членовите 5,9,77,81 и 265 а Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на членовите 7,8,17,21 и 23. Бидејќи со поднесените амандмани се согласил претставникот на Извршниот совет според Деловникот истите стануваат составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека пратеникот Кирил Ковачевски поднесе амандман на членот 7 за внесување на два нови става на текстот на Предлогот на законот, група пратеници од Партијата за демократски просперитет во Македонија поднесоа амандмани за внесување на нов член 27-а и на членот 121.

Авди Муртезани поднесе амандман за внесување на нов
член 171-а.

Бидејќи со овие амандмани не се согласил претставникот на Извршниот совет, ќе отвориме претрес по амандманите по редот по кој се поднесени.

Ве известувам дека амандманите поднесени од пратеникот Кирил Ковачевски, од групата пратеници од Партијата за демократски просперитет и на членот 27-а од Авди Муртезани ги разгледаа Законодавно -правната комисија и Пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата и истите не ги поддржаа.

Законодавно -правната комисија не ги поддржа амандманите на членовите 121 и 171-а. Пратеничката група за прашања од областа

на образованието, науката и културата не ги разгледа овие амандмани.

Отворам претрес по амандманот на членот? за внесување на два нови става, поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски, кој гласи:

"Во членот 7 од Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование
да се додадат два нови става кои да гласат:
После ставот 4 се додаваат нови два става кои гласат:

"Основното училиште ќе се смета дека не ги остварува целите и задачите на воспитанието и образованието и кога педагошката евиденција и документација не ја води на македонски јазик, кога учениците ја посетуваат предметната настава од причина што предметниот наставник не го владее јазикот на кој се изведува наставата и кога учениците одбиваат да ги примат ученичките книшки и свидетелствата поради тоа што се напишани на македонски јазик.

Во случаевите од претходниот став Собранието на Социјалистичка Република Македонија може основното училиште да го укине и пред истекот на рокот определен со став 4 на овој член".

Досегашниот став 5 станува став 7".

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Станоевски.

**ЦВЕТАН СТАНОЕВСКИ:**

Сакам да прецизирам една работа околу амандманот на пратеникот Ковачевски. Разгледувајќи го овој амандман Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура, односно Извршниот совет оцени дека суштината на овој амандман се

содржи во овие измени што се сега предложени во Законот, односно и попрецизно дека суштината на предлозите содржани во овој амандман се наоѓаат во Законот и оние членови кои што не се менуваат. Значи, поддржувајќи го духот на амандманот ние не го одбивме тој амандман, но сметавме дека непостојат никакви посебни причини и формално да биде примен сега при овие измени во Законот за предучилишното и основното образование, затоа што ништо не менуваат од она што е сегашна законска регулатива по овие прашања.

За ваша информација и Законот за насоченото образование, а и Законот за предучилишното и основното образование се во фаза на подготовка, односно тие се веќе готови како нови закони и ја чекаат онаа процедура која што ќе уследи после формирањето на Владата и соодветниот орган.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме објаснувањето на претставникот на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура.

Дали некој бара збор?

Има збор господин Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Како што кажа претходниот дискутант да суштината постои, јас не би се сложил со тоа, затоа што како што ви кажав ова основно училиште уште од 24 август води евиденција и документација на албански јазик. Јас наоѓам да не е нешто прецизно тука во законите, особено членот 8 и 10, тука некако се замаглени, не се прецизни и не се јасни и затоа уследи овој мој предлог на амандман. Ако беше јасно, тогаш од 24 август до денеска зашто не е

ништо преземено, кога ги прочитав сите тие мерки од Општинското собрание на Тетово, се преземени. Тогаш значи не е нешто во ред овде во Извршниот совет, и негде да бараме друга причина. И затоа јас помислив, може се и они исправни, но затоа што не е убаво дефинирано во Законот, затоа јас го предложив овој мој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Станоевски повторно бара збор

**ЦВЕТАН СТАНОЕВСКИ**

Мислам дека работата е многу појасна отколку што нам на прв поглед ни изгледа. Не е проблемот во законската регулатива, туку е проблемот во ефикасноста на спроведувањето на законската регулатива. Овие појави што сега се евидентни,што ги регистрираме, не се резултат на тоа што не постои одредба во Законот, туку се, веројатно, резултат на една постапка која што треба да го обезбеди остварувањето на словото на Законот. И мислам тука треба да ги побараме причините, не во Законот, во измена на Законот, туку во тоа како тој закон се спроведува. А во Законот е веќе сосема јасно дека евиденцијата треба да се води на македонски јазик. Дали тоа ќе го води овој Комитет и по овој Закон или по друг Закон за прекршочна постапка, тоа е друго прашање, меѓутоа законската регулатива, како што реков е сосема во ред и задоволува, барем во овој момент по ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ**:

За збор се јави господин Беличанец.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Јас само би додал дека не е во прашање ефикасноста на системот. Тој досега како систем беше неефикасен. Така да не зависеше од субјектите кои ги спроведуваат законите,. Сакам да укажам дека овие промени што ги предлагаме со Законот треба да се толкуваат со промените на овластувањата што ќе ги има Владата на Македонија, која од извршен орган на Собранието станува орган на Републиката, на министерствата кои стекнуваат извонредно значајни и државно -правни прерогативи и кога овие ќе се применат, овие измени што ги предлага Извршниот совет со изменетата положба на Владата и на министерот и Министерството и неговите овластувања, оваа постапка многу брзо ќе биде остварена и завршена.
Така да, би ве молел, навистина, се работи за еден системски пристап на кој мислиме дека е вграден, имајќи го предвид концептот на правната држава. А вака ако го прифатиме ова решение, всушност ги репресираме учениците, а не сторителите на овие активности. Затоа би го молел предлагачот да ги има предвид овие наши аргументи и сметаме дека со предложените измени, и изменетата, пак да повторам, позиција на Министерството, начинот на финансирањето и другите прерогативи, овие прашања и ефикасноста на судството, овие прашања побрзо ќе бидат разрешени врз принципите на функционирањето на правната држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ковачевски повторно.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Ми се чини дека ова прашање нема да биде брзо разрешено, затоа што по Законот за предучилишно и основно образование и вос

питание може да се укине едно училиште, само претходно треба да се изгласа тоа и откако ќе се изгласа треба даројдат три месеци. А сега сме март и ако се изгласа укинувањето на тоа училиште, после три месеци, тоа е јуни. Во јуни завршува учебната година и тогаш нема и потреба да се укинува училиштето. И затоа мојот став, вториот што го додавам е да може под итно таа мерка да се преземе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ги ислушавме аргументите од двете страни и ако не бара «икој збор амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Делегатите креваат рака).

За амандманот гласаа 42 пратеника.

Кој е против? (Пратениците креваат рака).

Против се  25,пратеника.

Дали има некој воздржан? (Дел од пратениците креваат рака).

Има 7 воздржани пратеника.

Според тоа, овој амандман не е усвоен.

РЕАКЦИИ ОД МЕСТО:

Колку има вкупно пратеници?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви реков 42 се за, 25 се против, 7 има воздржани и има што не гласале. Амандманот не е усвоен. (Реакции од место). Амандманот се усвојува ако има еден глас повеќе од половината од присутните. Присутни се 119. Пардон, 118. Рековме 118 по евиденција (реакции дека нема толкав број присутни). Ајде избројте ги луѓето, повикајте ги од надвор можат да седат и овде. Повикајте ги нека седнат тука и да изброиме кои се тука. Од присутните 42 се за амандманот, меѓутоа амандманот

не доби мнозинство од присутните пратеници.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 27-а поднесен од пратеничка група од Партијата за демократски просперитет во Македонија, кој гласи:

"На Предлог-законот да се додаде член 27-а кој гласи:

"Педагошката евиденција и документација во основното училиште и паралелките во кои воспитно -образовната работа се изведува на јазиците на народностите во СРМ и на јазиците на другите науоди на Југославија, се води односно издава на македонски јазик и на јазикот на соодветната народност, односно народ".

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот за внесување на нов член 27-а.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Не).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема).

Ве молам, кога нема еден глас против а нема, и за се знае амандманот не е усвоен.

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување на нов член 27-а поднесен од пратеничката група од Партијата за демократски просперитет во Македонија.

Отворам претрес по амандманот на членот 121 поднесен од група пратеници на Партијата за демократски просперитет.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Дали има некој против? (Нема).

Бесмислено е да гласаме, нема никој против, нема никој за.

Констатирам дека според овие резултати од гласањето Собранието не го усвои амандманот на членот 121 поднесен од Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет во Македонија.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 171-а, поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот за внесување на нов член 171-а.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Според тоа овие резултати од гласањето  констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување на нов член 171-а поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака). 73 пратеника гласаа за. Дали е некој против? (Нема).

Има ли некој што се воздржува од гласање? (Нема).

Според овие резултати од гласањето,  констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование.

Минуваме на 17-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за физичката култура, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон ви е доставен, а извештаите од Пратеничката група за прашања од областа на општествените дејности и од Законодавно -правната комисија ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за физичката култура.

Кој е за, молам да крене рака.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Молам кој е за да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по предлогот, на истата седница: да се претресе и предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на членот 7.

Бидејќи претставникот на ИС се согласил со поднесениот амандман, истиот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали  некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за физичката култура.

Преминуваме на 18 точка.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон ви е доставен, а Извештаите од пратеничката група за прашања од областа на општествените дејности и од ЗПК ви се поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот
и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за просветната инспекција.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам претрес по Предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали некој има против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон ЗПК поднесе амандмани на членовите 4 и 6.

Бидејќи претставникот на ИС се согласил со поднесените амандмани, истите стануваат составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Михаил Пановски поднесе амандман на членот 6, за внесување на нов член 6-а.

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот е поднесен пред седницата, овде во писмена форма, молам претставникот на ИС да се изјасни.

Има збор Цветан Станоевски.

**ЦВЕТАН СТАНОЕВСКИ:**

Го прифаќаме предлогот на амандманот со овие корекции.
Во член 15 став 1, зборовите "1000-5000" се заменуваат со зборовите "2000-10.000".

Понатаму последниот став, во ставот 2 броевите "300-500" се заменуваат со броевите "1000-2000" односно во овој став зборовите кои се во заграда "кои станува став 3 и т.н." да се бришат.

Со овие измени се согласуваме Законот да се стави на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали подносителот на амандманот, господин Пановски ги усвојува овие измени.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ги прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш амандманот што го поднесе господин Пановски е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Одиме по текстот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за просветната инспекција.

Минуваме на 19 точка - Избор на претседатели и членови на Комисијата за меѓунационални односи и на Комисијата за образование -наука и култура на Собранието на СРМ.

Предлогот за избор на претседатели и членови на комисиите што ги поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви е доставен.

Изборот на претседатели и членови на комисиите ќе го извршиме во целина, врз основа на прелогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за меѓунационални односи.

Отворам претрес по предлогот.

Објаснување ќе даде претседателот ан Комисијата за избор и именување господинот Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на составот на оваа Комисија и укажувањето што беше на седницата, треба да се прецизира предлогот само во однос на Комисијата за меѓунационални односи - избор на претседател и 10 членови, со тоа што предлагам дополнително, заедно со надворешните членови да се комплетира потребниот број на оваа комисија во согласност со задолжителните прописи. Меѓутоа, предложениот претседател и 10-те предложени членови предлагам на оваа седница да се усвои бидејќи овој дел е утврден во рамки на Комисијата а дополнително да се усогласи со задолжителните прописи, бидејќи

претпоставува и надворешен состав на оваа Комисија на првата наредна седница да се комплетира оваа Комисија, со тоа на оваа седница само да се расправа за предложениот претседател и овие конкретно наведени 10 членови на оваа Комисија.

Во однос на Комисијата за образование, наука и култура немаме дополнување, немаше ни укажување од страна на оваа седница.

Сметам онаа фаза што е корисно употребена треба да се потврди, а дополнително оваа комисија комплетира, бидејќи и останатите комисии треба да се комплетираат со надворешни членови. Во таа смисла дискусијата да се насочи.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас само пред 10-тина дена на оваа иста говорница се залагав да работам во Комисијата за образование, затоа што бев убеден дека ја познавам проблематиката и имам доволно искуство и тоа треба да го ставам во служба на поуспешна работа на Парламентот.

Претседавајќи последните 10-тина дена со оваа Комисија дојдов до непобитни сознанија дека недоволно ја познавам проблематиката, а како нема ништо поопасно од тоа да не знаеш колку не знаеш, сметам дека моето членување и работа во таа Комисија понатаму е штетно и опасно. Затоа се повлекувам и од членството и од кандидатурата за претседател.

Со оглед на тоа што повлекувањето е неотповикливо не би требало да предизвика никаква понатамошна расправа, и онака ни е доста од расправи и војни, па макар и медиумски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа што вие сега го кажавте треба да биде по вториот дел од оваа точка.

Сега да се изјасниме по предлогот на господин Крстевски, претседател на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата.

Да го прашам господин Зибери, има овде предлог на господин Крстевски, ако внимателно го слушнавте, со  кој може да се надмине тешкотијата на која вие со право укажавте.

Дали го прифаќате ова укажување?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Го прифаќам

**СТОЈАН АНД0В**:

Значи, господин Зибери се согласува со предлогот на господин Крстевски.

Дали некој друг бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во врска со предлогот што е изнесен за Комисија за меѓунационални односи, под реден број 9 фигурира името на пратеникот Владимир  Голубовски член на Партија ВМРО-ДП.

Бидејќи во овој Парламент таква партија не е влезена со изборите, тој фактички фигурира како член на ВМРО-ДПМНЕ, а не е предложен од ВМРО-ДПМНЕ туку од некои си 10 пратеници чии што потписи освен 2-3 јас не можам да ги разберам, онака шкртнати беа, да го исфрлиме Владимир Голубовски од оваа Комисија бидејќи потписите се нејасни, незнам кој може да предлага. Можам јас да земам 15 или 20 потписи, сам да ги потпишам, различно и ајде предложете ме.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ**

По оваа дискусија има потреба, во име на Комисијата,
да дадам до објаснување.

Прво, ние се раководевме од начелото сите пратеници да идат вклучени во постојаните работни тела односно комисии. Во

склопот на тоа имаше 5 пратеници во кој беше и Владимир  Голубовски, не беше вклучен ниту во една комисија. -Директен предлог имаше тој самиот, на 2 пати го имаше во писмена форма доставено
до Комисијата за избор и именувања дека сака да членува во Комисијата за државна безбедност и во Комисијата за меѓунационални односи.

Во рамките на Комисијата се определивме односно утврдиле  предлог Владимир Голубовски како невклучен ниту во една Комисија, да биде член на оваа Комисија за меѓунационални односи.

Во однос на додатокот, на која партија припаѓа, таму беше малку спорно. Прва варијанта пробавме ВМРО-ДПМНЕ, на некои не му се допадна. Втора варијанта беше да не стои ни една партија, меѓутоа тој не е независен пратеник.

Се определивме бидејќи имаше исто така 2 писмени предлози и од ВМРО-ДП, исто се поклопуваат, да биде во двете комисии. Тоа е до пишувањето. На седницата можеме да го дополниме уште ДПМНЕ или да го избришеме скроз.

Во однос на укажувањето од претходниот пратеник, тоа не држи, дека  тој има вложено предлог со 10 потписи, точно е дека тие не се јасни. Бидејќи тие не се благовремено доставени Комисијата не ги зема предвид туку оцена во рамки на Комисијата беше од тие 10 лично потпишани има еден нејасен потпис, меѓутоа тоа не спаѓа во постапката на Комисијата, тоа е паралелна постапка која треба да ја водат претседателот и потпретседателите. Тоа е самостојна постапка, за да членува во одредена комисија, не спаѓа во оваа надлежност и не е земено во предвид. Решивме за тоа да
се извести секретарот и тој да ја  спроведе таа постапка, да каже,
покрај предлогот на комисијата за избор и именувања постои предлог од 10 лично потпишани и ако смета дека се уредно потпишани, се

знае кој се тие пратеници и дека се лично потпишани.

Јас мислам оваа дискусија не смета, може да се дискутира и да се заземе конечен став за претседател на оваа Комисија и само овие 10 наведени членови, а дополнувањето да го ставиме во наредна седница.

Во однос на Партијата тој нека се произнесе на која партија и припаѓа

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас не го прифаќам образложението за потписите и инсистирам листот на кој што беа тие потписи да биде доставен до претседателот и потпретседателите на Собранието и тие да видат дали ќе можат да ги познаат кој се тие 10 потписи односно за кои пратеници се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овие истражувања не се потребни затоа што тој документ не е користен за кандидирање овде

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Се работи за фалсификат

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој документ не е од важност за оваа работа

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас не навлегувам околу тоа дали со 10 потписи или како треба да биде член, но ме иритира партијата, таму читам ВМРО-ДП, што значи дека таа МНЕ, македонско национално единство го нема, па дали господинот Голубовски се откажа од македонско национално единство и мислам дека партија што не учествувала на избори нема право овде да фигурира нејзиното име.

Имаме правни служби во Собранието, нека одлучат, законски и уставно под која партија да се води, а партијата која не учествувала на изборите нема право да биде присутна во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ**

Партијата има некоја важност до истакнување на кандидати. После изборот пратеникот е на избирачите, на оние што го изгласале и ништо понатаму. Друга е работа, партиска, дали тој ќе ги слуша ТОЈ тие пратеници од партијата и т.н. до ОНОЈ момент додека тој не се замери на гласачите, па може да го отповикаат затоа што многу слуша партии

**ТОМЕ АНАСТАСОВСКИ:**

Тука има две работи. Овој бара да влезе во таа комисија како човек од друга партија. Не бара да влезе како пратеник од нашата партија.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на наведувањето на кандидатите за претседател и членови, прво не е битно да се наведе и непотребно во случајов се наведува на која партија и припаѓа. Тоа доаѓа од деловникот каде само за Комисијата за избор и именувања е предвидено изричито сразмерен состав на Комисијата. Сразмерниот увид се врши спрема припадноста на Партијата. И при објавување на оваа одлука во "Сл.весник", имаме заклучок да се изоставува, бидејќи не е битно. Во случајов треба да се концентрира дискусијата, бидејќи беше од пратеникот Михаил Пановски, дали да се прифати или да не се прифати член на оваа Комисија Владимир Голубовски. Уште тој дел да го до дискутираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Целиот предлог од 10 кандидати минал низ Комисијата и така ни е даден.

Јас целиот предлог ќе го ставам на гласање. Ако Комисијата нема целосен предлог нека си го повлече, да расправа повторно додека не дојде до целосен предлог.

Го ставам на гласање целиот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за, молам, да крене рака? (65 пратеника креваат рака) .

Дали има некој против? (1 глас)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 гласа воздржани).

Со два гласа воздржани, 1 против и 65 гласа "за" констатирам дека е усвоен Предлогот за состав за претседател и членови на Комисијата за меѓунационални односи.

Притоа донесуваме заклучок, прво, забелешката што ја даде господин Зибери да ја обврзе Комисијата на првата наредна седница да се даде предлог за дополнување на составот на Комисијата во согласност со уставните одредби и при објавувањето во "Службениот весник на СРМ" да се изостават ознаките за партиска припадност на сите членови во сите комисии, освен во Комисијата за избор и именување.

Констатирам дека за претседател на Комисијата за меѓунационални односи е избрана Доста Димовска, а за членови на Комисијата за меѓунационални односи се избрани: Тодор Гајдарџиски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков,. Благој Ханџиски, Веби Џемаили, Исмет Рамадани, Фаик Абди, Славе Наумовски, Владимир Голубовски и Зоран Китев.

Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за образование, наука и култура.

Отворам претрес по предлогот.

Има збор Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на оваа Комисија поради оставката на Благој Ханџиски, сметам дека не може да се води расправа, бидејќи не може на самата седница Комисијата за избор и именувања да оформи предлог. Заради тоа предлагам да се врати на повторно одлучување и евентуално усогласување за местото претседател и евентуални измени во членството. Затоа, да се одложи расправата по оваа Комисија, Комисијата за избори и именувања со другите  редовни обврски да утврди предлог за претседател и членови на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој предлог и деловнички е исправен.

Предлагам да гласаме по него.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Со оглед дека имаме доволен број пратеници што се присутни на седницата, констатирам дека предлогот на пратеникот Никола Крстевски е усвоен и изборот на претседател и членови на Комисијата за образование, наука и култура се одлага за наредната седница.

Преминуваме на 20-та точка - Нацрт на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно –трговскиот промет. (АС бр.1323)

Нацртот на законот, Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ, извештаите на Законодавно -правната комисија, Комисијата за економска политика и развој и на Комисијата за

земјоделство и шумарство, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот по Нацртот на законот за измени и дополненија на Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно –трговскиот промет е усвоен.

Преминуваме на 21-та точка - Предлог на автентично толкување на одредбите на членовите 42, 43 и 52 од Законот за девизно работење што важеа до 31 декември 1989 година ("Службен весник на СФРЈ" број 66/85, 71/86, 3/88 и 58/88), АС бр.1324.

Предлогот на автентичното толкување Ви е доставен а Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ, Извештајот
на Законодавно -правната комисија на Собранието на СРМ и предлогот на Мислењето ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот Предлогот на мислењето го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека мислењето по предлогот на автентичното толкување на одредбите на членовите 42, 43 и 52 од Законот за девизното работење што важеа до 31 декември 1989 година е усвоено.

Преминуваме на 22-та точка - Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (VII железнички проект -ЈУ-3068-1) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС 1329).

Предлогот на законот, Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ, извештаите на Законодавно -правната комисија, Комисијата за стопанство и на Комисијата за надворешно -политички прашања и односи со странство, како и Предлогот на заклучокот за давање согласност Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор. го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот за давање согласност го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот за давање согласност по Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата за гаранција (VII железнички проект - ЈУ-3068-1) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој е усвоен.

Преминуваме на 23-та точка - Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (VII железнички проект ЈУ-3068-2) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС 1330).

Предлогот на законот, Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ, извештаите на Законодавната правната комисија, Комисијата за стопанство и на Комисијата за надворешно -политички прашања и односи со странство како и предлогот на заклучокот за давање* согласност ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот за давање согласност го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот за давање согласност по Предлогот на законот за ратификација за Спогодбата за гаранција (VII железнички проект ЈУ-3068-2) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој е усвоен.

Преминуваме на 24-та точка - Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (VII железнички проект ЈУ-3068-3) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС бр.1331)

Предлогот на законот, Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ, Извештаите на Законодавно -правната комисија

Комисијата за стопанство и на Комисијата за надворешно -политички прашања и односи со странство, како и Предлогот на заклучокот за давање согласност ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот за давање согласност го ставам на гласање.

Кој е за, молам/ да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот за давање согласност по Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата за гаранција (VII железнички проект ЈУ-3068-3) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој е усвоен.

Преминуваме на 25-та точка - Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на трипартитната спогодба склучена помеѓу СФРЈ/ Арапската Република Египет и Република Индија, потпишана на 23 декември 1967 година.(АС бр.1332)

Предлогот на законот, Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ/ извештаите на Законодавно -правната комисија и на Комисијата за надворешно -политички прашања ид односи со странство, како и Предлогот на заклучокот со кој не се дава согласност Ви се доставени односно поделени.

Молам/ кој бара збор?

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Во врска со овој Предлог на закон имам само едно мало дополнување, бидејќи се консултиравме со тутунските претпријатија.

Во врска со Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на трипартитната спогодба склучена помеѓу СФРЈ, Арапската Република Египет и Република Индија, потпишана на 23 декември 1967 година наш став е да се исклучи од Предлогот на законот тарифен број 2401-тутун суров или непреработен, отпадоци од тутун а да важи Предлогот на законот само за тарифен број 2402 и тоа цигари, цигарети и цигарилоси од тутун, замени за тутун и тарифен број 2403 – останат преработен тутун и производи кои го заменуваат тутунот, хомогенизирани, реконструиран тутун, екстрати, и сокови од тутун Горецитираните царински тарифи се според нашиот Закон за царински тарифи.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ**:

Ова е веќе одмината фаза, се работи за ратификација на Спогодба која е склучена, потпишана 1967 година од овие страни. Оваа иницијатива може да ја прифати Собранието на СРМ како почеток да ја ратификува Спогодбата и да покрене иницијатива за изменување и дополнување на оваа Спогодба. Тоа би било формално -правен во ред и претпоставувам дека господата знаат дека таква е и постапката на ратификација на спогодбите.

Да бидам конкретен, Собранието да ја прифати како иницијатива и да покрене иницијатива пред Собранието на СФРЈ да се почне постапката на измената на оваа Спогодба, а сега да се

**СТОЈАН АНДОВ:**

Незнам какви се консултациите што вие сте ги праveле со тутунските претпријатија, меѓутоа овде имаме Мислење на Извршниот совет и наш заклучок во кој се поаѓа од интересите токму на овие претпријатија.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Се прифаќа Мислењето на Извршниот совет. Тоа е мало дополнување. Дополнувањето се однесува на тарифните бројки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш не е тоа, тоа е нешто друго. Тоа е нова иницијатива. Тогаш да го прифатиме предлогот на господин Беличанец.

Ако го прифатиме предлогот на господин Тито Беличанец, тоа ќе си оди како посебен работен заклучок на Собранието.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот по Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на трипартитната спогодба склучена меѓу СФРЈ, Арапската Република Египет и Република Индија, потпишана на 23 декември 1967 година е усвоен.

Преминуваме на 26-та точка - "Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција (VII железнички проект ЈУ-3068-0) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој (АС број 1333) .

Предлогот на законот, Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ, извештаите на Законодавно -правната комисија, Комисијата за стопанство и на Комисијата за надворешно –политички прашања и односи со странство, како и Предлогот на заклучокот за Давање согласност Ви се доствени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот за давање согласност го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Еден пратеник е против) .

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот за давање согласност по Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата¯ за гаранција (VII железнички проект ЈУ-3068-0) меѓу СФРЈ и Меѓународната банка за обнова и развој е усвоен.

Преминуваме на 27-та точка - Дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Собранието на СФРЈ на Нацрт-законот за продолжување на важењето на дел од Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и на одредбите на Законот со кои се утврдуваат средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (Кон АС број 1291/1).

Дополнителниот предлог, Мислењето на Извршниот совет на Собранието на СРМ, извештаите на Законодавно -правната комисија и Комисијата за економска политика и развој и Предлогот на заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (1 пратеник е против) .

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Заклучокот по Дополнителниот предлог на Нацртот на законот за продолжување на важењето на дел до Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и на одредбите на Законот со кои се утврдуваат средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини е усвоен со еден глас против и два гласа воздржани.

Дневниот ред е завршен.

Преминуваме на пратенички прашања.

Има збор пратеникот Ферид Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Имам две прашања кои се однесуваат (едното на Извршниот совет) првото со оглед дека до денес поради блокада вештачки создаден од страна на Извршниот совет, Собранието во Тетово и Гостивар не е конституирано во името на парламентарната група од ПДП и НДП барам од Извршниот совет на оваа седница да даде одговор која е

законската и уставната процедура за конституирањето на Собранието.

Второто прашање е, со оглед дека подолго време се зборува  во јавноста, а и во средствата за јавно информирање дека граѓаните од албанска националност се вооружуваат, барам од РСВР за наредната седница да достави Информација колку граѓани во последната година во општините со мешано население добиле дозвола за поседување оружје и тоа по национална припадност со посебен осврт за општините Тетово и Гостивар.

Господине претседателе, во исто време користам прилика да ви го предадам писменото барање, петиција со 2000 потписи од Граѓанскиот иницијативен одбор на муслиманите од Долна Река, со барање да се стави на дневен ред на една од наредните седници на ова Собрание.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани пратеници.

До Изврשниот совет на Собранието на СРМ пратеничко прашање за Богдан Тодоровски.

Прашањето се однесува за оние земјоделски површини
кои не се опфатени со хидромелиоративниот систем во подрачјето на општина Гостивар а воедно индивидуалните земјоделци плаќаат константен дел и варијабилен дел за наводнување. Додека сите води на подрачјето на таа општина се зафатени во Шарскиот систем и истите се користат за хидроцентралите "Тито". Прашањето гласи: "На што се должи индивидуалните земјоделски производители да плаќаат константен дел и по кој основ кога тој дел на водата водната заедница не е во состојба да го обезбедува и образложение?"

Водата се користи само 45 дена и тоа од 5 јули до
20 август во сезоната, а во други периоди константен дел воопшто
Водната заедница не може да обезбеди на тоа подрачје

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие баравте на оваа седница одговор. За да не се
собираат прашања да се одговори прво на првото прашање
а потоа на второто. Првото е која е уставната и законска постапка за конституирање на Собранието во Тетово.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Со Уставот не е прецизно определен рокот во кој треба да се конституираат новоизбраните собранија, ниту на Републиката ниту на општината. Во текстовите во нацрт -амандманите постоеа и рокови, меѓутоа, се напушти ^ оваа материја со Уставот и ова прашање ќе биде уредено што се однесува за општините со Законот за локалната самоуправа. Бидејќи не постојат норми според Уставот

најлогично е мандатот на претходните собранија да престане во рок кој е разумен, разумен рок е , е време што е потребно да се извршат подготовки за конституирање на собрание. Но, во секој случај мандатор на старите собранија на општините ќе престане на 28 април. Тоа е рокот определен со Уставниот закон со кој е продолжен мандатот на Собранието на Републиката и на собранијата на општините. Според тоа, сметам дека треба да се постапи според трите заклучоци на Собранието на СРМ, кое ги усвои по повод информацијата за состојбите околу конституирањето на собранијата во овие две општини. Прашања на меѓупартиска спогодба која колку што следиме и сме информирани се прави напор да се постигне и што побрзо да се конституираат овие собранија. Во секој случај и како ИС сметаме дека нормалниот и вообичаениот рок е изминат и дека треба многу брзо да се оствари конституирање на овие собранија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е одговор на првото прашање на оваа седница, дали Вие сте задоволни? (пратеникот не е задоволен и побара да му се достави писмен одговор на наредната седница).

На господин Сејфедин Харуни, на оваа седница ќе му даде одговор господин Богдан Тодоровски.

**БОГДАН ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Водата е општонародно добро и затоа е регулирано и со Уставот на СРМ и со посебен закон Закон за водите. Основата за плаќање се заснова во член 137 и 138 од Законот за водите. Еве, ќе дозволите да Ви прочитам како е регулирано по Законот за одводнување и наводнување на земјоделски и други земјишта, како и за обезбедување и доведување на вода од хидромелиоративните и други

водостопански објекти и постројки, стопански или стопанско -комунални потреби се утврдува надоместок за обезбедено доведување на вода за наводнување на земјоделско и друго земјиште, одводнување на земјоделско и друго земјиште испорачана , употребена и искористена вода за наводнување на земјоделско или друго земјиште, испорачана, употребена или искористена вода за стопански или за стопанско комунални потреби". Надоместок во член 138 втор став "надомест за обезбедено доведување на вода не се плаќа за земјиште под трски, мочуришта и други земјишта што се непогодни за земјоделско производство." Оттука бидејќи проблемот не е познат се однесува на земјоделски површини и кои се под систем за наводнување и површини кои не се под систем за наводнување и за едни и за други важи бидејќи има вода да се плаќа таканаречен сув надоместок или надомест за донесена вода, а неискористена кој обично според нашите анализи се движи околу 50 отсто од цената на искористената вода. Од тие причини, сметам за потребно да околу висината на искористената или неискористената вода досега цената ја определува во самоуправните интересни заедници на ниво на општина, така да, колку одредена водостопанска организација има вложувано и ангажирано за оние кои се надвор од системот за наводнување ја определи и висината за донесена вода односно висината за искористена вода. Од тие причини сметам сходно Законот во стопанските организации има основ и право да наплатуваат воден надоместок врз основа на одлуката на Самоуправната интересна заедница за донесена вода , а прашање на корисникот дали ќе користи или не. Ако не користи плаќа 50 посто пониска цена, ако користи цена која е договорена за искористена вода.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имаме малку недоразбирање иако Вашето излагање беше исцрпно. Се работи за површини и за количина на вода која не може и не е во состојба водната заедница да ја обезбеди затоа што водите се опфатени во Шарскиот систем за хидроцентралите "Тито" и да сака водната заедница не може да обезбеди затоа што водите се користи за хидроцентралите. Тие водата ја пуштаат од 5 јули до 20 август во сезоната. По кој основ варијабилен дел би биле должни индивидуалните земјоделци да го платат кога по никој основ не може да се обезбеди, а во случај кога би се обезбедило и кога би имало вода секако дека вашето изјаснување ќе беше наместо. За да не се повтори ова можете и на писмено да ми одговорите на наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговор да се даде писмен за наредната седница.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Познато е да во 1990 година во економската политика поради стимулирањето на извозот на стоки и услуги на странските пазари од страна на СИС беа предложени одредени мерки на стимулирањето на претпријатијата во извршувањето на оваа дејност. Во таква состојба се најдоа и повеќе претпријатија од нашата Република кои спрема утврдената постапка благовремено ја доставија потребната документација за користењето на ваквите стимулации. Према одредени податоци со располагам голем дел од подносителите до денеска не го имаат добиено износот на име стимулации. По поднесените барања, заради тежината на ова прашање до Народната банка на Македонија го поставувам следното прашање: "Колку претпријатија од Македонија имаат поднесено барања за користење на стимулации. Кој дел

од овие барања се реализирани и врз база на кои критериуми и трето, на кој начин односно кои проблеми постојат за реализацијата на барањата на претпријатијата и на кој начин ќе бидат обезбедени односно решени овие прашања. Тоа е првото прашање, и второто прашање е врзано со проблемите со финансирање на основното образование Во повеќе општини сведоци сме дека веќе подолго време просветните работници немаат исплатено личен доход или тие што имаат добиено се како резултат на разни позајмици од други извори. Таква е состојбата и во општина Кочани. Во тој дел проблемите овде се многу сериозно изразени и по оваа работа повеќе пати се водени расправи и се барани одговори во решавањето на ова прашање. Ценејќи ја тежината на ова прашање до Републичкиот ИС го поставувам следното прашање: "Што Републичкиот ИС размислува за разрешувањето на ова прашање во смисла на изнаоѓање на поадекватни извори или пак со извесни промени во општата и заедничка потрошувачка заради времено решавање на ова прашање до донесувањето на законот за општата и заедничка потрошувачка што беше и предмет на денешната расправа
И по едното и по другото прашање барам писмен одговор.

**ЏЕЉИЉ ТАИРИ:**

Последниве два дена забележани се во Гостивар и околината движења на одреди на милиционери со специјална облека. Дали ова значи притисок за не конституирање на општинското собрание во Гостивар? Одговорот го барам за наредната седница во писмена форма.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Незнаев моето враќање под која точка да го подведам, затоа сметам дека би требало под оваа точка пратенички прашања. Сакам да го поставиме на расправа функционирањето на институцијата пратеничко прашање заради тоа што протестирам од оваа говорница почитувајќи го трпението и вниманието, текот и работењето на овој Парламент пратеничките прашања ги поставувам во писмена форма меѓутоа, се поставува непочитување и не спроведување од страна на ИС односно на членовите на Владата по однос на деловничките одредби на овој Парламент. Јас барам овој Парламент тоа да го стави на расправа и просто изјаснување, затоа што поставив прашања на 25 јануари околу 12, на 25 февруари побарав Парламентот да донесе одлука за поништување на одлуката за обезбедување средства за политичките организации и до ден денес воопшто не сум информиран до каде е со постапката на одговарањата на пратеничките прашања.

Ако беше целта за да ги поставам за да јас лично се задоволам немаше воопшто да ги поставувам. Пратеничкото прашање се поставува за да користејќи го член 42 од овој Деловник отвориме расправа за определени суштествени прашања кои го притискаа вкупниот општествен живот. Итокму заради тоа, бидејќи на пратеничко прашање се одговара после 15 дена, а од 25 јануари помина веќе месец и нешто, од Извршниот совет немаме добиено никаков одговор, барам во иднина Извршниот совет ако смета дека не е во состојба да даде одговор во рок од 15 дена колку што е утврдено во овој Деловник да постави прашање Парламентот да му го пролонгира рокот на давањето на одговор на пратеничкото прашање. Меѓутоа, тоа според член 41

може да го стори на барање на Извршниот совет само овој
состав на Парламентот. Затоа барам да се постави сега овие прашања кои веќе ги има во процедура, во архивата поднесено
и кажани на оваа говорница да ми се даде одговор дали треба
органите на управа да се молат за да ги почитуваат деловничките одредби и кога ќе се даде одговор на поставените прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи ова се однесува непосредно на Извршниот совет
да му дадеме збор на Тито  Беличанец.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Господин Петров верно, точно ја интерпретираше одредбата
од Деловникот времето во кое е должен Извршниот совет да одговори на пратеничките прашања. Меѓутоа, јас навистина сакам да ве
известам дека колку што сме имале за шест месеци делегатски
прашања ми беа поставени за еден месец побројни прашања. Дел од
тие прашања се суптилни, бараат додатни информации од други
органи, често пати бараат обработка, најголемиот дел од прашањата кои се поставени Извршниот совет одговори и се во процедура, меѓутоа
поставката на подготвувањето на пратеничкото прашање е следната
Извршниот совет ја упатува до органот, органот го доставува до
Извршниот совет, а го гледаме на работно тело и на седница. Чести се
случаите кога Извршниот совет го враќа одговорот на пратеничкото
прашање на органот бидејќи самиот Извршен совет смета дека е
не потполен одговор, за што преку пратеничките прашања Извршниот
совет ја проверува спремноста и мобилноста на органот на управата Според тоа да констатирам. Најголем дел од прашањата Извршниот совет одговори, се во процедура на испраќање до Собранието, овие денови ќе бидат доставени, а за сите оние прашања го прифаќам

укажувањето за кои Извршниот совет не е во состојба да го запази рокот или веќе го пречекорил рокот, писмено ќе го известиме Собранието со образложение за причините заради кои не можеме да го запазиме рокот  и времето кое ќе ни биде потребно да одговориме на прашањето. Досега не сме одбиле или не сметаме дека како Извршен совет дека не можеме да одговориме на некое прашање.  Па еве, ја користам оваа прилика да се извинам во името на Извршниот совет за доцнењето околу одговорот на прашањето.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Со оглед на тоа што во Законот за станбените односи во "Службениот весник на СРМ" бр. 48 од 13 декември 1988 година, во членот 17 стои: “лицето на кои поради вршење на работи од работниот однос, или вршењето на функцијата од јавен интерес, му е неопходно потребна да има стан на друго место, може по исклучок да користи стан во општествена сопственост и во тоа место додека трае таквиот работен однос или функција." На станот во став 1 на овој член не може да се стекне станарско право ниту неговиот корисник има право утврдено со овој став на давателот на станот на користење, односно со договорот за купување на станот.

Поставувам прашање. Колку службени станови има доделено во Републиката на функционери, колку од нив се вратени по завршувањето на функцијата и колку од становите доделени по тој основ се пренаменети во општествени станови?

Неодамна беше донесен законот за продажба на општествени станови, кои предизвикаа низа реакции во јавноста. Многумина се прашуваат дали со донесувањето на овој закон не се повторно привилигирани носителите на станарското право во однос на оние кои со сопствени средства го решаваат своето станбено прашање и во однос на тие кои би требало да го решат станбеното прашање, а цело време, исто така издвојувале и издвојуваат станбен придонес за изградба на општествените станови. Ова дотолку повеќе што во условите за купување на станови во лична сопственост се доста неповолни во однос на оние кои што го решаваат станбеното прашање со добивање на општествени станови.

Поставувам прашање: "Кој ја поседува евиденцијата за користењето на општествените станови во Скопје, или во органите на управата, и барам истата да биде доставена до пратениците и дали се води сметка за тие носители на станарско право кои го изгубиле основот по кој го стекнале станарското право согласно со законот за станбени односи член 13, да не им се дозволи да ги купат таквите станови, бидејќи општо е познато дека голем број од носителите на станарско право се имаат здобиено со еден или повеќе станови во лична сопственост и имаат изградено повеќе од една викенд куќа или стан.

Барам писмено да ми се одговори

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Извршниот совет располагал со општествени станови службени во периодот од 28 април 1986 до денешен ден и е спремен да одговори за располагање на овие станови во овој период

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, почитувано Претседателство, Републичкиот министер за внатрешни работи ги одбива барањата за културни манифестации на албанците од образложение дека се нарушуваат меѓунационалните односи, така беше со барањето да се прослави годишнината од смртта на Наим Фраши, и сега собирот на жените по повод 8-ми март, кога се знае дека друштвото на жените во кое претежно членуваат жени од македонска националност овие денови држеше еден таков собир.

Прашувам: Кои се вистинските мотиви за забрана на собирот на Друштвото на жените во кое што има жени претежно од албанска националност.

Барам писмен и усмен одговор.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Молам, во писмена форма да ми одговори владата или Извршниот совет, од почетокот на плурализмот, па до денес, колку вработени кои биле прогласени како технолошки вишок во режимските партии СКМ ПДП и Социјалистичката партија, се префрлени на работа во Собранието на СРМ, органите на управата и во разни структури на владата.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Пратеничките прашања добро би било усмено да ги одговараме, меѓутоа, навистина кај некои прашања ќе реагираме ако се поставуваат навредливо, особено ако се навредливи за Извршниот совет.

Прво, Извршниот совет не постапувал, односно постапувал во поглед на преземањето на лица вработени во поранешните општествено политички организации со Уставниот статус кои го имаат според Уставот, според Амандманот 16, а тоа значи од Уставниот закон дека презеде определен број работници, кои ќе ви ги доставиме по име и презиме, кои во рамките на овие општествено -политички организации вршеле функции од карактер заради функционирање на државниот систем. Познато ви е дека општествено - политичките организации беа дел на собранискиот систем и дел од нив вршеа одредена функција. На пр. во СК постоеше Одбор за одбрана и вршеа одбранбени функции. Постоеше систем на погранични средби и прослави

во социјалистички. Во Амандманот 16 со Уставниот закон прецизно е определено кои лица се преземени. Тоа изнесува некаде околу 16-тина лица, за наредната седница ќе ви поднесеме список кои ги презел Извршниот совет. Меѓутоа, Извршниот совет*не презел функционери на општествено -политички организации.

**СТАНКОВСКИ:**

Би имал прашање во врска со Статусот на пратениците. Јас на претходната седница, од прилика има месец дена, кога се расправаше во врска со додатокот на пратениците, поставив прашање како ќе се реши проблемот со трошоците за патување на пратениците кои што не се од Скопје. Ми беше речено дека Комисијата за избор и именување ќе го разгледа тој проблем и Ѕе достави предлог до Собранието. Месец дена нема донесено предлог. Во врска со сето ова исто така останува проблемот со Статусот на пратениците, платени, неплатени, доплата ќе имаат со доплата на личен доход или додаток пратенички. Во јавноста се манипулира со најразлични бројки, мислам дека не ми служи на чест да дозволиме така да се манипулира. Ред е Комисијата да испадне со еден предлог, ова Собрание да расправа по тоа и да се заземе комплетен став во врска со тоа, а да не биде како до сега лично кој како си го решил, гледам некои се потпишуваат земаат плати, не земаат, јас мислам дека ништо не е средено. Зошто оваа Комисија веќе 2 месеци од конституирањето на Собранието до сега нема излезено со свој предлог? Дали немаат време, не можат да најдат предлог, или е нешто друго во прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова  не е пратеничко прашање, вие треба да го расчистите со Комисијата.

**КРСТЕВСКИ:**

Бидејќи директно не прозивав, инаку прашањата се наменети на Извршниот совет. Законот постои за лични доходи на пратеници и функционери. Не познавање на Законот не го оправдувам незнаењето. Поготово, ние во наредниот период при поделба на власта, исклучиво законодавната ќе биде кај нас. Прво треба вие да го знаете тој закон, па после да прашувате. Законската обврска кои со писмено барање се обратил со желба да го остварува личниот доход во Собранието, ќе остварува личен доход. Сите поднесени такви барања се усвоени. Односно, тоа е лично прашање дали ќе се обратите. Друга можност Законот не дозволува. Значи не дозволува доплата на разликата до височината на личниот доход на пратеници, или евентуално друг паушал. Ние имавме и анкета во тој правец, се определија воглавно за личен доход, за разлика на личен доход и паушален износ на оние кои не го остваруваат целосно личниот доход. Тие се три категории и еден само се пријавил за почесно да го врши, како до сега^ во историјата што во вршеле делегатите.

Во однос на превозни трошоци, Законот има обезбедено регулатива, вие треба да си поднесете во писмена форма потребни
документи, ние ќе оцениме ако е нужно потребно, ќе го парафираме тоа да ви се реализира. Меѓутоа, имате вие пратеничка книшка во редовно време каде итно не сте повикани, од случај во случај мислам тоа може да се разрешува.

Во однос на конкретна измена на Законот, јас лично сум работел и на три месеци. Излеговме со конкретен предлог во форма на предлог на измена на Законот, да се даде втора можност, да се намали бројот на професионално определување на целосен личен доход, на Комисијата тоа не беше усвоено, продолжуваме да работиме, бидејќи преовладуваше оној систем паушал од 30% како оние кои немаат целосен личен доход и оние кои имаат преку висината на пратеник и под висината. Врз таа функција си продолжува постапката. Меѓутоа, сметам дека и личен однос како пратеници, без разлика дали сме професионални или не, треба да ги читаме потребните акти.

**ХАЛИТИ:**

Прво, едно потсетување дека не сум добил одговор на прашањето колку лица се исклучени од работа, затоа што биле исклучени од СК, со наведување со национална припадност. До Извршниот совет прашање. Колку паралелки на албански јазик се затворени, поради така наречените мешани паралелки, колку ученици се исклучени, затоа што одбиле да се школуваат во таканаречените мешани паралелки, колку професори се исклучени затоа што одбиле да предаваат во таканаречените мешани паралелки, колку ученици и професори се казнети со казна затвор, поради такво одбивање и колку години вкупно? Барам писмено да ми се одговори

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Не сме во состојба да одговориме на ова прашање, затоа што Извршниот совет никого не казнувал и не отстранувал од училиште, заради идеолошко и политичко убедување. На ова нека одговорат поранешните општествено -политички организации. Државните органи работеа одвоено од општествено -политичките организации и Извршниот

совет таква евиденција нема. А ако постои инволвираност на одредени државни органи, по овој повод, така прашањата можеме да се обидеме да прибереме податоци, дали при одлучувањето на одредени државни органи, мотив била идеолошката и политичка оценка за поведението на одреден член. Така за прашањето можеме да одговориме.

По однос на другите три прашања, може да се одговори, колку просветни" работници заради неисполнување на законските обврски биле отстранети од образованието, согласно законските прописи, а ваква дистинкција ние не можеме да направиме, затоа што таква подлога за одлучување никогаш не била користена. Ако постои законски пропис за одредена материја, одредба за одредени односи, ако таа се прекршувала, не била спроведувана, односно се дал отпор да биде остварена, лицето правело деликти, веројатно се водело некоја постапка. Така би молел за првото прашање како што укажа и второто исто така да биде врзано со причините заради кои одредени наставници согласно Законот за предучилишно, основно, средно образование биле отстранети од настава, исто така и за учениците.

АЛИТИ:

Сакам да поставам лично едно прашање, ако може да ми одговори министерот, дали мешаните паралелки имаат основа во Законот за насочено образование. Молам, да ми се одговори писмено.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Со оглед на фактот дека во СР Македонија има 250 ха стаклени површини, кои произведуваат раноградинарски производи, а исто така во индивидуалното земјоделско производство во струмичкиот крај има голем број на фолиско производство и што понатаму про-

должува појавата на неконтролиран увоз на овие раноградинарски производи и продажбата на кванти пазарите, му поставувам прашање на Извршниот совет, што планира Републичкиот извршен совет во врска со увозот на раноградинарски производи во 1991 година, бидејќи веќе се увезуваат вакви производи и што ќе преземе за заштита на нашето раноградинарско производство
Барам да ми се одговори писмено.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Ќе поставам пратеничко прашање до Извршниот совет. за ова ме задолжи мојата изборна единица 66 и поголем број земјоделци од мојата општина Струга. Врз кои основи и кои критериуми земјоделците оваа година треба да платат данок од земјоделска дејност кои во однос на 1990 година има зголемен индекс од преку 1200%. Да ми се одговори од ресорниот секретар на Републичкиот извршен совет, а предлагам и одговорот да се објави во средствата за јавно информираше. Ова од причина што навистина се чувствува голем револт кај земјоделското население и има притисок, а нема конкретни објаснувања. На пример за тоа минатата година плаќал 500 динари, а оваа година плаќа 6000 динари данок од земјоделска дејност.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Имам 3 пратенички прашања.

Прво, во последно време сведоци сме на еднострано информирање на јавноста од страна на некои новинари од јавните информативни куќи. Вакви 2 емисии за заедништвото РТВ -Скопје сними и во с. Врапчиште -Гостиварско кои емисии предизвикаа револт кај граѓаните за еднострано информирање и необјективно информирање Го прашувам секретарот за Правосудство, Михајло Маневски да ми одговори дали некои од субјектите од јавно информативни куќи бил казнет за необјективно информирање.

Второ прашање. По изградба на системот Шарски води одсекнати се приодните притоци на Шарските реки со што е отежнато наводнувањето на 2.500 ха, снабдувањето со вода за пиење на околу 30.000 жители, а се заканува и еколошка катастрофа на целиот регион.

Го прашувам секретарот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Богдан -Тодоровски дали ќе се гради повратен канал од овој систем на подножјето на Шара.

Трето прашање. Во октомври 1990 година во гостиварската гимназија Панче Поповски интервенираше милицијата. Го прашувам секретарот на РСБР, другарот Јован Трпеновски.

а) Кој побарал интервенција на милицијата?
б) Кој наредил да се примени сила?
в) Колку ученици биле повредени?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ :**

Прво прашање. Селаните од с. Челопек, Блаце и Милетино прашуваат дали е можно и која е процедурата повторно да добијат

милиционерска  станица, која што постоела.

Второ, дали постои некои механизам во Собранието
на СРМ со оглед на тоа што се основачи на РТВ на еден автоматски
начин да реагираат кога е нарушен интегритетот на тие институции,
или независноста на новинарското делување во светло на настанот
што се случи во Битола минатата сабота.

Трето, дали во таков случај Парламентот ќе формира
работна група која што ќе ги испита сите важни причини во врска
со TOJ случај, или е потребно да се покрене иницијатива.

Четврто, до колку е потребно да се покрене иницијатива
дали денес на крај од дневниот ред и во овој дневен ред може
таква иницијатива да се покрене од страна на пратеник што сака тоа да го
направи.

**МИРКО МИРОНСКИ:**

Би сакал да искористам, повод беше последното прашање
меѓутоа, сакам да се обратам со следното.

Се поставуваат прашања на кои веројатно сегашниот Секретаријат за
информации не ќе може да одговори, а мислам
дека не ке може да одговори ниту еден секретаријат во иднина,
ниту Министерство за информации бидејќи прашања како се срочени
не сакам никого да навредувам меѓутоа не даваат основа било
кој надлежен орган од областа на јавното информирање да се прифати
и како за некои други прашања да даде прецизен одговор

Прво, последното прашање беше околу независното на
новинарството. Јас ве информирам дека кон крајот на минатата година
беше во редовна постапка Законот за јавно информирање на СРМ, ко.ј
се стави на некои начин во мирување со цел да го донесе ова

Собрание, па би ве молел така да го прифатите ова, особено господин Голубовски дека можеби е тогаш и добро и упатно да се зборува за јавното информирање, за демократијата на информирањето и за независноста на новинарството.

Случајот што беше споменат и спореден со Радио Битола е без преседан во цивилизациските однесувања на поединците. Ние може само да жалиме дека во една таква институција се случуваат и такви работи. И без оглед каде се случат такви, треба да ги осудиме. Неможат седиштата на средствата за јавно информирање да станат арени за пресметки. Тие имаат строго утврдена, дури и сопствена уредувачка политика, па според тоа во рамките на својата уредувачка политика ги имаат сите права и обврски и односи кон јавноста да формираат однос за јавно информирање Тоа подразбира редби, разговори, анкетирања итн. Според тоа, јас не би се впуштал во тој случај, доколку пратеникот има стекнато услови за заштита на својот интегритет тогаш може по судски пат да се обрати.

Нешто слично е и со еднostраното информирање.

Дами и господа, кога ќе кажеме еднострано информирање со тоа уште ништо не сме рекле. Кој е тој субјект што може да докаже што е еднострано информирање. Тоа е само впечаток дека има еднострано информирање. Тоа според постојниот закон и според практиката на некој начин или целосно се корегира со интервенција односно со реакција на секој оној што смета дека е онеправдан да испрати протест, дополнување, демант или некоја друга форма со која ќе докаже дека е повредена една средина, повредени се

некои субјекти и да каже спротивно на тоа што е вистината. Доколку тоа се случи тој извор односно таа редакција да не го објави тоа тогаш има право на судска заштита. Така да се што можам да кажам сега, а кажувам доста одговорно и комплетно за да нема заблуди, ги молам пртенициите што ги поставија овие прашања или да најдат начин во друга форма да ги преформулираат, или било кој од друга област, но прецизно да ги прават.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Реплика на другарот Миронски.

Јас можеби пропуштив што не кажав само на која адреса односно самиот да ги лоцирам прашања директно. Сметав дека се подразбира од дефиницијата на тие прашања каде се упатени. Јас прашав основачот, Собранието, друго е ако се пренесени тие права па јас не можам да го лоцирам проблемот, дали автоматски има некои механизми во такви случаи да покрене иницијатива или ќе треба секако расправа, пратенички да се покрене.

Иако не беше сувишно и нормално одговорот во оние делови каде што беше даден, иако не целосно е добар иако многу дипломатски се избегнуваше од одговор на суштината на -поставеното прашање.

Затоа уште еднаш ќе повторам. Дали треба да се покрене иницијатива во Парламентот да се испита тој случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, не е основач на Радио Битола ова Собрание.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

За содржајниот дел одговара другарот Мирко, иако треба повторно ќе стане, меѓутоа, сепак ние сме плурално општество сакаме да станеме граѓанско општество, сакаме да станеме во однос на судството слободни права на граѓанинот. Ако некој субјект има уставно овластување, во овој случај на РТВ и ТВ весник да врши одредена функција и ако таа негова функција биде оневозможена тоа лице што ја врши таа функција има постапка како да си побара судска и друга заштита за непречено вршење на функцијата. И други прашања овде се покренаа кој повторно не навраќаат на минатото време, да формирање комисии, да испитуваме случаи. Секој субјект во општеството, барем и во иднина ќе треба многу строго по одредени прописи да се однесува. Ако се прекршат има судски арбитри, правосудство и други каде се разрешуваат тие прашања. Во случајов на господин Голубовски мислам дека е сосема јасен одговорот, Миронски го кажа во една друга интерпретација а еве сега јас го кажувам во правна интерпретација.

Ако тој субјект смета дека била загрозена самостојноста има начин да побара да си го заштити своето право пред надлежниот орган кој се грижи за овозможување на вршењето на соодветната функција.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Првото прашање немав намера да го поставувам, но ме поттикна прашањето на господинот пратеник од СКМ-ПДП од Гевгелија во вреска со статусот на пратениците.

Би сакал да ми одговорат господата од ИС дали обезбедувањето на зградата на ИС смее да ги малтретира пратениците кои

паркираат автомобилите на паркингот на ИС иако уредно имаат залепено налепница на автомобилот и уредно се легитимираат со пратеничката книшка.

Второ прашање врз основа на кои критериуми ИС на Собранието на СРМ на 15.1.1991 година повторно го назначи господин Атанас Мечев за директор на Републичкиот завод за судски вештачења.

И прашањето до министерот за народна  одбрана, бидејќи минатиот пат не бев задоволен од неговиот одговор, а во врска со предавањето што генерал Шпиро Ниновиќи им го одржал на резервните воени старешини на 12.11.1991 година во просториите на дом на ЈНА, да ми одговори на ова прашање и да ми каже, каде
што тој членовите на ВМРО ги нарекувал фашисти и заговарал дека повторно е воспоставена фашистичката оска Софија -Скопје. загреб-
Будимпешта- Берлин и дали господинот министер го поддржува тоа излагање на генералот Шприовиќ. Доколку не го прифаќа што ќе направи за да ги запознае истите резервни воени старешини, кои биле присутни на оваа седница и дали ќе се извини на пратениците на ВМРО.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Прво, не не непосредна надлежност на ИС. Просторот, постои управа. Ќе прибереме податоци за режимот на користењето на просторот и ќе провериме за тоа дали надлежните службени лицас коретно се однесувале спрема пратениците. Ќе ја утврдиме фактичката состојба и ако постои отстапување од редот, односно пропишаните правила ќе побараме одговорност на лицата што го прекршувале тој ред.

Второ, Атанас Мечев е именуван односно реизбран
согласно општите услови што важат и посебните за исполнувањето ан таа функција. Да го известам ова Собрание дека околу Атанас
Мечев се поведе расправа и во претходниот состав на «Собранието. Во тој колектив се јавија 2 спротивставени групи, се подели колективот на 2 дела, еден помал еден поголем дел кои укажуваше на низа незаконитости во постапувањето и работењето на директорот на овој Завод. За таа цел ИС беше задолжен од Собранието да подготви Информација за состојбите во оваа уставнова. Информацијата ја разгледа Собранието, ја усвои. Повторно при расправата при усвојувањето се појавија дилеми, формираа делегатска група која ја посети институцијата, водеше разговори, ја утврди фактички состојбата, а ИС, бидејќи беа пројавени сомневања и имаше укажувања дека незаконски постапувал при казнувања, при распоредувања, при отпуштања и други материјални недостатоци, ја утврди, ги задолжи надлежните инспекциски органи да ја утрдат фактичката состојба, вистинитоста на тие податоци и ИС констатира дека укажувањата не се засноваат на вистинитост и материјални докази. Според тоа внатрешните односи на Заводот беа последица на меѓучовечки односи. ИС при оценката за придонесот и на директорот во создавањето на тие меѓучовечки односи сметаше дека не се од таков карактер да не го изврши преименувањето.

Инаку, овој процес на преиспитување на сите овие состојби траеја скоро 6 месеци и уште повеќе ги влошуваше состојбите
во оваа државна институција. Може Собранието, можеме и ние кога ќе расправа по Извештајот на ваа институција да оцени за состојбата повторно во оваа институција и придонесот на овој раководител, впрочем како што е вообичаено за сите други институции кога се поднесува извештај за нивната работа.

**РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам, на претходната седница не бев присутен, беше мојот заменик, а одговор мислам даде потпретседателот Беличанец. Јас со колегата Пановски се сретнав и разговаравме за овој случај.

Да ве информирам дека предавањето беше во организација на Републичката конференција на резервните воени старешини во заедница со надлежните органи од III-та воена област. На тоа предавање најверојатно била поголема група, колку информативно сум запознат на резервни воени старешини. Се однесувало за воено политичката ситуација во светот, во Европа и на Балканот. Бидејќи не е во надлежност на Републичкиот секретаријат за народна добрана оваа организација, ниту имаме некои посебни комптенции во однос на другарите од III-та воена област. Меѓутоа, можам да ви обеќам дека ќе разговарам со организаторот на ова предавање. претставникот на воените старешини и началникот на Домот на ЈНА. Ќе се потрудам да дојдам до една поконкретна информација.

Второ, што се однесува со вториот дел на прашањето мислам дека е малку провокативно. Јас никогаш не сум поддржувал никакви напади на нашите сегашни легални организации без разлика дали е ВМРО, просперитет, СК или некоја друга партија и т.н. Тука секогаш сум имал крајно коректен однос и на овој дел сега моментално одговорам.

Михаил Пановски не кажа, имаше уште еден инцидент на нашите спортски терени, за кој разговаравме ние, мислам околу приемот на нашето игралиште, дека малку односот се менува на

армијата према некои претставници на организацијата. За тоа јас ќе разговарам во мојата надлежност со претставниците на III-та воена област и можам на наредната седница поконкретно или во писмена форма да ви доставам одговор како ќе се договориме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Од одговорот на господин Дамјановски сум задоволен. За првото прашање што го поставив лично јас сум тој што бил малтретиран на паркингот. За да ми се покаже, а до мене пред тоа паркираше келнер, најнормално си отиде, а господинот од безбедноста за да ми покаже колку е силен, дури ми остави и белешка на паркингот, која уредно ќе одам утре да си ја платам.

Во врска со директорот на Заводот за судски вештачења ние како пратеници добивме еден допис, кој ме заинтригира, па да видиме во што е работата.

Во ОПС во претходниот состав се расправало за овој проблем и била формирана работна група, на чие чело била Милка Божинова. Би сакал тие резултати од работната група, ако може како пратеници да ги добиеме. Исто така, гледам и во весникот Трудбеник објавен на 16.11.1991 година во кој што има фотокопија од работната група и е потцртано каде што се вели: "во тие рамки делегатската група смета дека ИС треба да го согледа опортунитетот на повторниот избор на сегашниот директот на Заводот кој сноси вина за сегашната состојба. Значи, делегатската група од претходниот состав, господа пратеници установила дека господин Атанас Мечев работел тоа што работел, јас незнам во што се проблемите во Заводот за вештачење. Уредно се потпишани делегатската група. затоа мислам дека повторно треба да се оформи пратеничка група и која што ќе го види записникот и заклучоците што ги донело претходното Собрание, бидејќи очигледно ИС не ги почитувал. Барем јас така ги сфаќам.

**ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:**

Јас се извинувам не можам да прифатам од факсимил од весник да се обвинува човек. Без разлика кој е. Дозволете, ова е Парламент, јавно се изрекува оценка за еден човек - функционер одговорен односно врши една јавна функција. Материјалот за овој случај кој траеше како преписка две години во кој беа ангажирани Сојузот на синдикатите на Македонија, Претседателството, јас незнам која институција во оваа Република не беше ангажирана. Преку илјада страници се работи за случајот и ние сме подготвени, документацијата е во управата и правосудство, па господинот нека ја прегледа да ги има на увид сите релевантни факти и би молел врз основа на неговото сознание од сите релевантни факти да се определи за натамошната постапка или негово однесување по овој случај. Но, би молел најпрвин да ги погледне сите релевантни факти, а се работи за една обемна документација, бидејќи ова беше спор кој траеше скоро две години.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ**: ВМРО-ДПМНЕ

Имам три прашања до Извршниот совет.

Кој ги издава наредбите да се употребува сила над навивачи на"Вардар" при што не се штедат ни деца од 9-10 години.

Зошто штрајкува "Факом" дали сте запознаени, исто така зошто штрајкува "Македонски фолклор" и други фирми затоа барам итно да се свика седница на Парламентот со точка на дневен ред -решавање на проблеми во стопанството.

Трето, барам да се достави список до Собранието на земја,имот и богатства кои се одземени од приватни лица, а се знае во кој период.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поставете прашање.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Добро,од војната па до сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не што барате, туку поставете прашање.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Прашањето е да се достави список.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има таков список?

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Па како без список ќе се одзема земја?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: ВМРО-ДПМНЕ

Беше прашање за избор на Мечев, г. Тито Беличанец не извести дека имало околу илјада страници материјал...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме расправа за тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не расправа, туку за прашањето што беше поставено. Меѓутоа, одговорот дали ќе биде нормален или не, ако некој ни одговори дека за некој човек се направени илјада страници материјал и дека процесот за тоа траел една година и некој да се повика факсимилите од дневните, неделните и месечните печати ни бидат

доказ дали некој одговара или не, не би се согласил од практична страна, затоа што проблемот стоел, тие илјада страници се направени сигурно од потреба

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате прашање г. Стојановски, ако имате прашање поставете, вие не поставивте прашање, не треба вие да бидете задоволни, ве молам, дајте да работиме по Деловникот како што треба, вие сте правник, прашање постави Пановски, а не вие.

**ТОМИВЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете кога се постави делегатското прашање ако се одговара пред Парламент во усна форма сите имаат право да го слушнат и да го слушнат одговорот, а ако се дава во писмена форма се упатува до пратеникот и тој ќе има право да каже дали е задоволен или не и да каже тоа прашање да биде изнесено овде. Ако само тие двајца разговараат јас би предложил повеќе да не се поставуваат пратенички прашања и да не се бараат одговори, ако е само од двајцата од поставителот на прашањето и оној кој одговара. Во таа смисла сакам да кажам како пратеник одговорот што го даде г-Тито Беличанец не сум задоволен од тие причини што штом има некоја работа дека се работела една година дали се искористила или не , не требало да се брза и да се донесе. Меѓутоа, јас ќе барам, сега го продолжувам прашањето за наредна седница  ми се даде одговор на ова прашање зошто и што е причината да се покрене оваа постапка која траеле толку долго време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку да се разбереме кога некој поставува прашање сите имаат право да слушаат  и кога нему му се дава устен одговор сите имаат право да слушаат, а дали е задоволен или не е задоволен

има право само оној кој поставил прашање. Другите, ако сакаат да земат збор во врска со прашањето или одговорот, тоа само ако се договориме овде и ако Собранието се согласи да има расправа по тоа прашање и по тој одговор. Инаку, не треба на овој начин да се реагира, вака никогаш не можеме да завршиме работа. Сега можеби аз неговото излагање некој друг да има нешто друго, па тоа веќе не е пратеничко прашање, ве молам да работиме по Деловникот.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ**:ВМРО-ДПМНЕ

Постојат основани сознанија, а тоа е објавено во весникот "Вечер" од 19 февруари оваа година дека цитирам "На Педагошката академија во Скопје наставата што се изведува на македонски јазик предаваат Албанци кои наводно од оправдани причини не го познаваат македонскиот литературен јазик. Згора на тоа е податокот што предавачите се до неодамнешни државјани на НР Албанија". Значи на единствената Виша школа во Скопје предавачи се емигранти од НР Албанија, а ние сме сведоци на тоа како се рефлектира тоа и на просветниот кадар квалификуван на оваа образовна институција.

Моето прашање е упатено на адреса на републичкиот секретар за образование. Дали е точно дека на Педагошката академија во Скопје предаваат наставници со албанско државјанство кои не го познаваат македонскиот јазик и ако е така, како што е, чиј благослов е тоа односно кој го дозволи тоа и едно друго прашање дали на оваа иста виша образовна институција дали се спроведува дословно членот 11 од Законот за насочено образование според кој наставата на вишите и високите образовни институции во Републикава се изведува исклучиво на македонски литературен јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе добиете писмен одговор.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ**: ВМРО-ДПМНЕ

Јас се мислев дека ќе треба да користиме и друг институт кој го дава Деловникот, тоа е правото на пратеникот да постави прашање директно до соодветниот министер и да добие писмен одговор. Тоа е поефикасно бидејќи е одговорот во рок од осум дена.

Јас упатив едно такво барање до Републичкиот комитет за земјоделие, изминаа осум дена, а не добив одговор. На пратеничкото прашање се одговара во рок од 15 дена. Сметав дека на овој начин треба да го растовариме Собранието од пратенички прашања, но се покажа како неефикасно. Моето прашање беше следното, ќе го прочитам.

Познато е дека по течението на реката Треска од Матка до Македонски Брод се наоѓа еден комплекс на земјиште со кој стопанисува "Јасен" во состав на национални паркови и ловишта - Скопје.
Оваа соорганизација "Јасен" покрај стопанисувањето со шумите, стопанисува и со ловиштето и во тоа стопанисување ги користи природните ресурси на теренот. Познато е дека пред десетина години од потегот кај селото Света Петка, па се до Кула се постави мрежа по целата должина со што дефинитивно се оневозможи користењето на најприродните пасишта од селата Света Петка, Говрлево, Јаболци, Нова Брезница и Патишка Река и со тоа сточниот фонд од приближно 15.000 овци само во селото Нова Брезница беше десеткуван, а населението почна да се иселува. Секое барање да се дозволи напасување на стоката не беше удоволувано, туку беше зајакнувана контролата и не беа исклучени не соодветни однесувања кон населението од чуварите на ловиштето.

Таму чуварите се и милиоцнери. Ако за ова ловиште или воопшто за сите национални ловишта постои закон, барам истиот да се преиспита во смисла да се дозволи слободно напасување на стоката, ако тоа не е регулирано со закон, туку со некој акт на "Јасен", да биде укинат.
Го прецизирам барањето. Какви се можностите да се отстрани поставената мрежа односно да се отворат пролази за слободно движење на стоката до најприродните пасишта Долна и Горна Рудина да се дозволи непречено напасување на стоката под исти услови како тоа е уредено со Законот за пасишта и тоа што е можно побрзо со што ќе се отстрани неправдата кон ова население кое сега пројавува интерес за повторно враќање на иселените жители во селата за што сточарството - единствената стопанска гранка за нив.
Изминаа осум дена не добив одговор, па го трансформирам во пратеничко прашање.

**БОГДАН ТОДОРОВСКИ:**

Ќе бев благодарен ако пратеникот останеше на констатацијата, бидејќи му беше сигнализирано дека прашањето е добиено. Не се поставува прашање кога се испраќа, туку кога го добива органот. Многу прашања кои вие тука ги поставувате по службен пат Собранието ги доставува до Извршниот совет и до органите. Таа процедура поминува три , четири , пет дена. Тоа не значи дека органите не се ефикасни, туку во таа технологија од добивање одговор се губат повеќе денови и тогаш сета вина се смалува на органот.

Второ, прашањето е добиено пред три дена, дадено во процедура, треба да излезе шумарски инспектор да провери, има теренска работа, дали тие наводи се точни, ако се точни дали се во согласност со закон и на време на пратеникот ќе му се одговори во писмена форма.

Ако бара како пратеничко прашање тогаш ќе го доставиме до сите делегати тука одговорот на тоа прашање.

Имам уште една сугестија, ако ми дозволите, можеби немам право за идната влада, само ако дозволите претседателе, технологијата на пратеничките прашања е задоволство да се одговара за секој кој ќе биде министер, меѓутоа, ефикасноста на тие прашања да не се претвори во исцрпување. И до сега имавме технологија во овој состав имавме преку 60 пратенички прашања. Целата организација во комитетите, ако изнесам дека во Комитетот за земјоделие работат вкупно 38 луѓе и ако добијат 10 прашања, 10 дена треба проверка, теренска работа и др. Тоа значи има и други седници и прашања кои не се од итен карактер, кои можат да причекаат, да има еден редослед, една технологија да не се оптоварува еден временски период од еден месец само со пратенички прашања, ако може.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој има прашање? (Нема)

Констатирам дека нема веќе пратенички прашања, дневниот ред е исцрпен, Ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши со работа во 18,30 часот).